**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шесттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 29 декември 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Владата на Република Македонија, Голема сала, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и на неја претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов и Љупчо Анушев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно член 89 , став 2 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а во врска со членот 98 од истиот закон, констатирам дека со именувањето на пратеникот Горан Рафајловски за генерален директор на Јавното претпријатие "Елекссростопанство на Македонија" му престана функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејки пратеникот Горан Рафајловски беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира

мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за амнестија.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за правда д-р Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, моето образложение ќе биде релАтивно кратко, со тоа што ако законот дојде на дневен ред *ќе* си дозволам да дадам едно поширoко образложение, од кое исто така ќе видите дека постојат повеќе причини за усвојување на законот по итна постапка.

Уставен основ за донесување на овој закон претставува членот 68 став 1 алинеја 18 од Уставот на Република Македонија според кој Собранието на Република Македонија дава амнестија. Формално-правниот основ за донесување на законот е содржан во одредбата од член 113 од Кривичниот законик на Република Македонија, според кој на лицата што се опфатени со амнестија им се дава ослободување од гонење или потполно или делумно ослободување од издржување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна и се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица на осудата.

Се разбира дека државата не е секогаш, не е секој ден исправена пред потребата да го користи инструментот на амнестија, кој во нашава држава за последен пат бил искористен во 1991 година. Сега се акумулирале определени причини поради кои Владата предлага усвојување на закон и тоа врз основа на член 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, негово донесување по итна постапка, односно на истата седница денес да биде претресен и Предлогот за донесување и Предлогот на законот поради неодложна потреба. Тое неодложни потреби мораме да ги бараме во целината на претераната политизација на прашањата за амнестирање или помилување на една група на осуденици, која добива се повеќе и повеќе меѓународни инпликации од една страна и она што посебно би молел, би апелирал , посебната осетливост на затворската заедница за секој сигнал дека се подготвува акт на амнестија или помилување. Било какво одлагање на усвојување на ваков акт може да предизвика несакани последици во таа мошне чувствителна затворска средина, за која знаеме дека постои една определена затворска психологија и во која луѓето сите

овие сигнали ги доживуваат на еден поинаков начин отколку што ги доживуваат луѓето на слобода.

Тоа е моето образложение, а потоа би дал, ако се усвои предлогот, пошироко образложение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на д-р Владо Камбовски.

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка**,** молам да крене рака.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Процедурално барам збор**.**

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Пред да го утврдиме дневниот ред, да ја утврдиме итноста.

Процедурално, повелете г-дине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, за да бидеме доследни на претходната седница, јас покренав односно сугериравме во однос на примена и на нашето работење, начинот на работењето на овој парламент, пред се на институтот итност. Тогаш сметам дека и на парламентот се договоривме околу начинот на работа и применување на овој иснтитут, кој по исклучок се применува во одредени случаи, не би сакал да ги повторувам тие случаи пред парламентарците кои беа истакнати.

Целосно респектирајки ги аргументите на Министерството за правда и на г-динот д-р Владо Камбовски во однос на неодложната потреба, би требало да укажеме и на начинот на разгледување на овој доста сложен и битен закон, иако по норматива доста краток, кој го добивме пред самата седница. Мораме да кажеме дури ние не го прочитавме, а треба да расправаме по Предлог на закон, интервинирајки во амандманскиот дел. Тоа е едниот и битен дел.

Вториот битен дел незнаеме односно сметам за потребно да укажеме што би се случило, и покрај укажувањето од страна на министерот, ако овој закон се разгледува во една редовна постапка. Во тој случај кои би биле штетните последици што би ги предизвикало одлагањето на донесувањето на овој закон поитна постапка, сметаме дека во рвдовната постапка пратениците би донеле подобар закон во делот на материјата која се предлага.

Уште еден аргумент е многу битен. Ние ги формирафме работните тела. Во вакви случаи на итносткога се утврдува и потреба, парламентот ги разгледува, пред се ги разгледува Матичната комисија, во овој случај мислам дека тоа е Комисијата за внатрешна политика и политички систем, сигурно и Комисијата за човекови права, а особено најбитно е еден ваков закон да дојде на расправа без да биде разгледуван од Законодавно-правната комисија. Доколку имаше оправдување за претходните разгледувања на законите, без да го разгледуваат работните тела, мислиме дека по овој закон би требало да го дадат своето мислење, предлози во однос на доизградување на овој закон работните тела на Собранието.

Затоа, бараме овој закон да се разгледува во редовна постапка што не значи за другите закони кои се предложени на дневен ред на оваа седница кои ги исполнуваат условите во делот на применување на институтот итна постапка, кој се применува по исклучок; Би повторил, Пратеничката група на СДСМ бара овој закон да се разгледува во редовна постапка, со цел за негово доизградување, разгледување, осознавање.

Тука би додал уште едно мислење, бидејки се работи за доста сложен, обемен и битен закон, во кој би ја цитирал односно би укажал и на Вашата изјава дали е земена во делот на медиумите. Во денешниот печат Вие претседателе кажувате дека овој закон нема да дозволите да се разгледува по итна постапка. Дали е тоа дело на новинарите или Вие сте ја дале таа изјава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, новинарите пишуваат, што сакаат, меѓутоа сакам да Ви го прочитам членот 34 од Деловникот за работа каде што се вели**:**

"По итна постапка може да се донесе закон само кога е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на Народната одбрана, безбедноста или поголеми елементарни непогоди и други вонредни неодложни потреби".

Некои од елементите овде ги наведе министерот Камбовски, но процедурално јас сум должен најнапред да го ставам предлогот на пратеникот кој бара законот да оди во редовна процедура, а потоа да се изјасниме по Предлогот на Владата законот да оди по итна постапка,

Според тоа , најнапред го ставам на гласање предлогот на пратеникот Гештаковски, законот да оди по редовна

процедура.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Го ставам на гласање предлогот на Владата овој закон да се донепе по итна постапка.

Кој е за, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа овој закон да оди по итна постапка.

Дали има некој против?

23 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува од гласање.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата овој закон да оди по итна постапка.

Владата на Република Македонија, предлага на оваа седница, по итна постапка да се донесе и законот за трговските друштва.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за стопанство Жанко Чадо.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Со досегашниот закон се предвидува до 31.12. да се пререгистрираат сите друштва. Предлогот е да се продолжи рокот до 30.06. наредната година затоа што околу 80 илјади претпријатија не се регистрирани по овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој процедурално бара збор? Никој.

Според тоа, го ставам предлогот на гласање.

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

102 пратеници гласаа законот да се донесе по итна постапка.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да се донесе по итна постапка и Законот за изменуваше и дополнување на Царинскиот закон.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на закон.

Има збор претставникот на Владата, министерот за финансии г-дин Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе измена и дополнување на Царинскиот закон со следното образложение.

Законот за царини е донесен во 1998 година, некаде во мај месец. Меѓутоа, тој е многу сложен закон, бидејки во него се содржани повеќе закони. Тоа е Законот за царинска управа, Законот за царините, Законот за слободни царински зони, Законот за надворешно-трговско работење, така што реков дека е сложен закон. Во меѓувреме за примена на тој закон требаше да се донесат многу подзаконски акти, без чие донесување тешко може да се примени во пракса тој закон. Со оглед на тоа што тие подзаконски акти не се донесоа до крајот на оваа година, а овој закон треба да се применува од 1 јануари 1999 година и со оглед на тоа што и Царинскиот односно постојниот компјутерски систем не е компактибилен со новиот закон, треба да се донесе единствен царински документ кој брзо се донесува и со оглед на тоа што треба да се врши едукација на кадри за практична примена на тој закон и со оглед на тоа што практична примена на тој закон ќе нанесе големи штетни последици во стопанството и пошироко, од тие причини предлагаме измената на законот да се донесе по итна постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии Борис Стојменов

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Сто пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали е некој воздржан? (Не)

Констатирам дека со 100 гласа за е усвоен Предлогот на Владата.

Исто така Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе и Законот за измена на Законот за акцизите.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор претставникот на Владата министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници, анализите за наплата на царините во текот на 1998 година покажаа дека ќе имаме големо неостварување на приходи во државата и анализирајќи кои се причините за една ваква појава констатиравме дека се во одредбите на самиот закон, не е само во ефикасноста на органите што вршат наплата на тие приходи, меѓутоа, во препишувањето на начинот и пресметката на акцизите во практиката. Од тие причини ние предлагаме да не се направат големи штети во стопанството во наредната година и пошироко да се променат постапката и начинот на утврдувањето на акцизите, односно го предлагаме конкретното.

За акцизите да не биде основица вредноста, но основица да биде количинската вредност, односно литар или килограм на нафтени деривати.

Втората работа, одиме царинската стапка да не биде релативен број, односно процент, да биде апсолутен износ. Таа итна постапка и тоа менување го правиме заради тоа што во практиката со утврдувањето на вредноста како основа за пресметувањето на акцизи се јавуваат големи проблеми и прикриваше на свааќањето на акцизите. Дали нови даночни оптоварување во тој период ќе нема, ако редовно се наплаќа акцизата и од тие причини, бидејќи се работи за крајот на годината, а со оглед на тоа да не настанат некои штети предла-гаме и воој закон да се донесе по итна постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали процедурално некој бара збор? (Никој)

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

Сто и два пратеника гласа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои и овој предлог на Владата.

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на оваа седница да го разгледа и Предлогот на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1999 година.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Оваа година заради измените и доцна формирањето на нова Влада, постојат објективни причини од Буџетот на Република Македонија за 1999 година. Така да од тие објективни причини доцниме. Принудени сме заради тоа да имаме времено финансирање за 1999 година.

Според постојните законски прописи, кои ги имаме, може Министерството за финансии без одлука на Собранието на Република Македонија да врши финансирање за првиот квартал во висина на една третина од она што е извршено како расходи за последното тромесечие. Меѓутоа, бидејќи се работи за едно финансирање за цела Република и бидејќи Буџетот ќе треба да го донесе Собранието на Република Македонија бараме од Собранието на Република Македонија да ја поддржи и да ја донесе таа одлука под итна постапка, затоа што пред нас е Нова година и треба да извршиме финансирање на сите функции во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата, и ве молам процедурално дали има некој да се јави за збор? (Никој)

Го ставам предлогот на гласање.

Молам, кој е за предлогот на Владата да крене рака? (100)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен и овој предлог на Владата.

Група од 25 пратеници во Собранието на Република Македонија поднесе предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитуваше на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Дали претставникот сака да го образложи предлогот.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во името на предлагачите од Пратеничката група на СДСМ бараме оваа одлука да биде ставена на наредната седница, а не денеска да се разгледува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш не го ставаме денеска на дневен ред. Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за амнестија.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на царин скиот закон.

4. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите.

5. Предлог на одлуката за привремено финансирање на функции те на Република Македонија за 1999 година.

6. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во министерствата Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија,

7. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.

8. Прдлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на ЈЗО "Нада Михајлова"-Пробиштип.

9. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Гевгелија и Прилеп.

10. Предлог на одлука за именување на секретар на Собранието на Република Македонија.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (22)

Дали некој се воздржување од гласање? (НикоЈ)

Констатирам дека со 72 гласа за, 22 против и ниеден воздржан е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за амнестија.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бара збор претставникот на Владата министерот за правда Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници, колеги од Владата.

Како што спомнав Закон за амнестија последен пат е донесен во 1991 година по повод конституирањето на Република Македонија, како самостојна и независна држава, донесувањето на Уставот и претходните измени во тогашното казнено законодавство. Со тој закон беше за сите осудени лица, независно дали се наоѓаат на издржување на казна, намалена казната за една четвртина.

Донесувањето на предложениот закон за амнестијае предопределено од неколку причини. Резолуцијата на Европскиот парламент од 18 декември 1998 година со која се препорачува да се ослободат од издржувањето на казната градоначалниците и претседателите на советите на општините Гостивар и Тетово. Заклучоците на Конгресот на локалните и регионалните власти на Европа, кои во текот на 1998 година престојуваа во Република Македонија, повикувајќи ја Владата на Република Македонија да преземе активности за ослободување на градоначалниците и претседателите на советите на општините Гостивар и Тетово за прогласување на амнестија. Заклучни мислења на Комитетот за човековите права на ОН од месец јули оваа година. Понатаму, зацврстување на независноста на судството и негова афирмација како самостојна власт, со што ќе се одбегне судот да се користи како инструмент на дневната политика. Одбележување на 50 годишнината од одбележувањето на универзалната декларација за човековите права на ОН и остварување на целите од казната од пенолошки аспект.

Дозволете да се осврнам само на дел од овие основи и претпоставки за предлагање на законот. Европскиот Парламент во својата резолуција донесена на 18 декември оваа година, препорачува да се ослободат од издржувањето на казната затвор за градоначалниците и претседателите на советите на општините Гостивар и Тетово поради се позачестениот број на изјави на политички личности во Република Македонија и многубројните

повици од меѓународната заедница за ослободување на овие осудени лица, а со цел да се унапредат меѓуетничките односи на државата.

Документот на Европскиот парламент содржи упатство доставено до Советот на Европа спомenатата резолуција да се достави до претседателот на Република Македонија, пертседателот на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Информиран сум дека и во Советот на Европа се подготвуваат определени активности, кои ќе претставуваат натамошно поседување на основните заклучоци содржани во оваа Резолуција.

Заклучоците на Конгресот на локалните и регионалните власт на Советот на Европа од 2 ноември оваа година, определуваат дека инкриминираните дејствија на градоначалниците и претседателите на советите на општините Гостивар и Тетово, изречените казни не се пропорционални, односно биле изречени тешки казни, без било каква директна одговорност за пројавеното насилство, како што е опишано во судската пресуда.

Поради тоа, Конгресот, со цел да се надмине состојбата создадена со судските одлуки, предлага да се ослободат од натамошно издржување на казната затвор со примена на институтот на амнестија.

Како поткрепа на погоренаведените причини за ослободување на градоначалниците и претседателите на советите на општините Гостивар и Тетово би ги привел и заклучните мислења на Комитетот за човекови права на ОН донесени по повод разгледувањето на иницијалниот извештај на Република Македонија по меѓународниот пат за граѓанските и политичките права на ОН, кој беше разгледан пред овој Комитет во месец јули оваа година. Овој Комитет во својот извештај, цитирам, изразува сериозна загриженост, поради етничното насилство во кое е инволвирана полицијата во настаните во Гостивар во јули 1997 година, во текот на која три лица ги изгубија животите и стотици беа ранети. Комитетот исто така е загрижен поради индикациите дека не биле исполнети сите гаранции за фер судење во постапувањето со локалните функционери. Комитетот препорачува овие настани да бидат детално истражени од страна на независно тело и оние за кои ќе се утврди дека се одговорни да бидат подложени на соодветни казнени и сдуски санкции и да се преземат сите неопходни мерки таквите настани повторно да не се појават во иднината на земјата, затворен цитат.

Покрај овие причини, усвојувањето на овој закон има, и повторно во светлината на истите аргументи кои ги приложив, има за цел да го афирмира судството како независна и самостојна власт и воедно да придонесе за враќање на довербата на граѓаните во судовите. Во иднина не смее судството да се користи како инструмент на политиката, што беше случај и според мое мислење со итното решавање на предмети, како на пример против лицето кое го газеше државното знаме на прославата во Крушево, од една страна, за време кога повеќе обвинети за тешки дела, како што се убиства и други дела, чекаа на едно редовно, нормално судење.

Со Универзланата декларација за човекови права на ОН, утврдени се правата на сите луѓе и определено е дека секој има право на живот, слобода и сигурност и дека сите луѓе се еднакви пред законот и во таа функција е целисходно донесување на овој закон како акт на оживотворување на хуманата димензија на казнената правда и во областа на извршувањето на санкциите, по повод светското одбележување на овој голем јубилеј, 50 години од Универзалната декларација, што претставува според мене и тоа како важна причина за проширување на институтот на амнестија и врз другите осудени лица, за кои како што видовте се предлага различен сооднос, процент на намалување на неиздржаната казна. Во секој случај тој сооднос е помал отколку во Законот што беше усвоен во 1991 година.

Усвојувањето на овој закон ќе има и една важна превентивна улога и треба да придонесе за унапредување и поттикнување на процесот на превоспитување на осудените лица, за нивно активно и дисциплинирано вклучување во третманот, како сегмент на специјалната превенција, така што со амнестијата како акт на милост на државата се претпоставува дека ќе се оствари промена на досегашното поднесување на осудените лица кон општеството и почитувањето на правниот поредок во иднина.

Владата имаше, морам да признаам, поради тоа што чув и определени дискусии, надвор од седницата, по однос на опфаќањето со Законот за амнестија за лица осудени во

врска со недозволено држење на оружје и распрскувачки материи и лица осудени за дела во врска со дрогата, Владата ја имаше таа резерва, поради својата определба да заземе мошне остар курс кон елиминирањето и на превенцијата, односно по репресијата на делата во врска со дрогата. Така што, предлагањето на едно вакво решение на прв поглед како да е во контрадикција со таквата определба на Владата, меѓутоа, сепак, мислам дека тука чисто тенденцијални причини не натераа на вакво решение. Секое решение кое не ги доведува сите затвореници во некоја малку поповолан ситуација, може да предизвика тешка состојба во затворите, а лица кои се осудени во врска со дрогата, влегуваат во таа мошне чувствителна категорија. И таквото решение сепак поригорозно, повторно да го споредам со решението содржано во Законот од 1991 година, кој закон генерално на сите лица им даваше подеднаков степен на ослободување од казната и од неиздржаниот дел и од казната воопшто. Секој закон треба да е праведен, затоа што основна идеја или водечка идеја на правото е правдата. Јас сум и лично убеден дека ако усвоиме, а претпоставувам дека ќе го усвоиме овој закон, ќе усвоиме еден справедлив закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на претставникот на Владата.

Го продолжуваме општиот претрес.

Дали некој бара збор?

Пратеникот Поповски бара збор.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, ако ми дозволите во името на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија би побарал пауза од најмалку два часа меѓу другото и заради фактот дека би побарале, прво, уводното излагање на господинот министер Камбовски да биде симнато и доставено до сите пратеници.

Второ, бидејќи самиот закон беше доставен пред почетокот на самата седница, цениме дека станува збор за исклучително важен, значаен и сложен закон со последици и заради од почеток да не влеземе во фаза на суспендирање на работата на штотуку конституираните работни тела на Собранието на Република Македонија, доколку некои од работните тела, мислам дека може претседателот тоа да го предложи би било добро и тие да се произнесат во оваа фаза по расправата по законот. Од тие причини уште еднаш повторувам, мислам дека е нужна и неопходна не само на пратениците од мојата пратеничка група, меѓутоа, ценам и на пратениците од сите пратенички групи, сепак, да се даде една можност овој закон да биде проучен така како што треба.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би предложил почитувани дами и господа пратеници ние да ги поминеме овие точки, кои што мислам дека се неспорни и кои што повеќе се од технички карактер заради терминот, а потоа ќе дадеме пауза во која што ќе се симне текстот, ќе се достави до Пратеничката група на СДС и ќе ја продолжиме потоа седницата. Но, дотогаш да ги поминеме барем овие точки, мислам дека се неспорни. Во таа смисла, тогаш оваа точка ќе ја разгледуваме после една пауза.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Кој бара збор, молам? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски поднесоа амандмани за внесување на три нови членови пред членот 1, на член 1, член 3, став 1, член 5 став 3, член 10 и на член 11 по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманите за внесување на три нови членови пред членот 1, поднесени од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да

се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, Владата нема забелешки на тие амандмани и ги прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали ги прифаќа сите амандмани?

**ЖАНКО ЧАДО:**

Да, сите амандмани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи, со оглед дека ги прифати, во тој случај тие стануваат составен дел на предлогот.

(Реакција од пратениците поради заедно прифаќање на сите амандмани. Затоа, побарано е тие да се усвојуваат поединечно).

Владата сите ги прифати, но можеме еден по еден, тоа не е битно. Тогаш, добро, ќе одиме поединечно.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Еден по еден ќе мора да се произнесуваме. Добро, процедурално нека оди така.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Владата нема забелешка по амандманот 1.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи тој станува составен дел.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам повторно претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Се прифаќа и вториот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3, поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Нема забелешки, се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратениците Стојановски и Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Се прифаќа и четвртиот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И конечно, отворам претрес по амандманот на член 11. Исто така тој е поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Ан-доновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, сите тие стануваат составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

94 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема) .

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Царински закон.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Министерот Стојменов, како претставник на Владата бара збор.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Јас веќе и на почетокот кога зборував за образложението тој закон да се донесува по итна

постапка, малку кажав во врска со тоа зошто тоа го бараме, меѓутоа, би кажал нешто повеќе во врска со донесувањето на овој закон. Имено, ние имаме донесено Закон за царини, кој е усогласуван со Европската Заедница и Меѓународниот монетарен фонд, со техничка помош на тие институции и е извршена хармонизација на тој закон со европските законодавства. Меѓутоа, со оглед на тоа што вашата програма односно програмата на Владата има некои работи кои ние би сакале да ги инкорпорираме во тој закон, ние ова не го правиме, заради тоа што сакаме тоа да го одложиме.

Второ, со оглед на тоа што дел од тој Цармнски закон, односно оној дел кој се однесува за царинската управа, а царинската управа по тој закон од 1 јануари претстанува да функционира, ќе биде во рамките на Министерството за финансии, тоа го предлагаме да се примени од 1 јануари, заради тоа што Министерството за финансии да си ги изврши сите работи, кои се пропишани со тој закон за негова практична примена. И за оние и другите делови амандмани кои се поднесени во врска со тој закон, јас да не излегувам повеќе, ги видов амандманите, ако треба ќе излегувам два пати, три пати, пет пати и ќе ги прифаќам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, благодарам на претставникот на Владата. Молам, кој бара друг збор?

Илија Илоски бара збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа од Владата, почитувани колеги и пратеници, дозволете ми за да не останеме недоречени до крај по ова прашање, како поранешен директор на Царинската управа, да дадам неколку коментари околу образложениeто што е дадено за донесување на овој закон.

На почетокот да кажам дека ја прифаќам итноста во постапката на донесување, бидејќи е комплетно точно она што предлагачот го нуди до Парламентот во експозето кога го предлага овој закон на денешната седница дека ако не се донесе денес, а имаме уште неколку денови до стапување на сила на истиот, би сме се довеле во една катастрофална ситуација во однос на оние последици што би се случиле во стопанството на Република Македонија. Тоа е она што нас не води како конструктивна позиција да гласаме за носење на овој закон денес, следејќи го оној принцип што на почеток во нашиот политички ангажман го декларираме во Парламентот.

Инаку, во образложениeто што е дадено околу донесување, освен итноста другите точки не држат, а ќе образложам зошто, исто така во излагањето на претставникот на Владата, министерот за финансии господинот Стојменов има некои битни пропусти, па да нема некои недоречености, би сакал да образложам на што тие пропусти се однесуваат.

Прво, не е точно дека пратечката легислатива не е спремна од страна на експертските тимови и не е поднесена во Владата или во Министерството за финансии за дополнување на истата и операционализација на законот. Јас на паузата на истава седница добив информација дека дури и Царинската управа се има обратено до ресорното Министерство за одлагање на овој закон, меѓутоа, во принцип сум застапник на една теза дека државната администрација секогаш е против венсување на некои новини и од тие причини полесно е некој да се залежи пред Нова Година, да не ги исполни тие задачи што му беа зададени до мојот мандат и на тој начин да го одложи практицирањето на овој закон.

Инаку, за вас, за пошироката јавност да спомнам дека овој клучен економски закон беше донесен како резултат од преговорите со ММФ и Светската банка во рамки на ЕСАФ аранжманот и на САЛ кредитот од Светската банка. Бидејќи се врзува носењето на овој закон и неговото практицирање од 1 јануари 1999 година со овие два меѓународни финансиски аранжмани и сугерирам на Владата дека прави голем пропуст и дека ќе има огромни проблеми при следната мисија и повторно ќе бидеме сведоци на едни изјави од страна на Владата дека преговорите биле тврди. Преговорите, во суштина, никогаш не биле ни меки со нив, меѓутоа дека ќе настанат одредени проблеми дозволете ми да си го земам тоа

право и да ви укажам уште на денешниов ден.

Инаку, не е точно ни тоа дека проблем претставува информатичката база на Царинската управа и софтвер осикуда. Не е ни проблем воведувањето на ЕЦДЕТО како клучен документ во практицирање на овој закон како една новина, бидејќи единствениот царински документ, за ваша информација, се практицира во Царинската управа уште пред четири години е донесен како документ. Воведен е на компјутерскиот систем со софтверскиот пакет осикуда пред две години на сегментот на извозот и од минатата година тоа се практицира на страната на увозот. Сите овие битни, моменти укажуваат на тоа дека апсолутно не е направен никаков пропуст во носењето на таа додатна легислатива и доставување на истата до надлежните органи кои требаше натаму да ја проследат.

Имено, за што се работи? Се работи за 25 документи кои по природа на нештата го операционализираат овој закон и го прават применлив во пракса и тие документи, дел од истите требаше да ги усвои на своја седница Владата и тоа на многу кратка седница, бидејќи беа одамна подготвени на експертско ниво, дел само на еден колегиум или сам министерот да ги потпише тие упатства што беа во ингеренција на министерот за финансии и нормално оној сегмент што остануваше за операционализација на овој закон во рамки на новиот директор на царината. И, ако сето ова го имаме предвид, мислам дека немаше никакви пречки и причини изминатиот еден месец сето тоа, бидејќи беше во една таква фаза да се донесе до денешниов ден, ние денес ќе немавме расправии по оваа тема. Меѓутоа, за жал тоа не е направено и уште еднаш кажувам ќе гласаме за донесување на овој закон, а од друга страна сакам да не се става анатема на службите кои ги работеле овие оперативни документи и кои вложија максимален труд, истите оперативни документи да ги доближат до онаа оператива на Европската унија по чии терк беше и правен овој закон.

Кога сме веќе кај оваа точка би сакал, исто така, да сугерирам до Стручните служби, на страница 2 од писменото образложение за донесување на овој закон комплетно да се исфрли првата реченица, бидејќи ако некој може да ми објасни логиката нека остане, ако не, предлагам да се брише. Или ако сакате да ви ја прочитам. На страница 2 во писменото образложение стои: "Желбата за поблиско прилагодување на нашето законодавство со царинското законодавство на Европската Унија и техничката помош која ми беше дадена по овој основ од евро царината, како и од постојниот претставник на ММФ кој повеќе години беше присутен во царинската служба. Според оценката на царинската служба Царинскиот закон не ќе може да се примени во целост од 1 јануари 1999 година". Мислам дека нема логичка целина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Претресот продолжува.

Молам, дали некој друг бара збор?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо одложувањето на законот, примената на едни од одредбите за Царинскиот закон го направивме по барање на Царинската управа. Овде јас имам писмо од таа Царинска управа потпишано од заменик генерален директор, во кое кажува дека ниеден предуслов, односно ниеден подзаконски акт не е донесен, ниту се создадени услови за практична примена на Царинскиот закон. Така што, ние тоа го респектиравме, овде е тоа писмо и така моравме да ја респектираме целата Царинска управа. Тоа за нас беше многу битно и еве писмото е до мене упатено и со потпис на заменикот директор на Царинска управа. Без мое барање, тоа е самоиницијативно поднесено до Министерството за финансии. Инаку, она што беше кажано дека разговорите со Меѓународниот монетарен фонд дека беа тврди, тие разговори не беа тврди заради Царинскиот закон, тие разговори беа тврди заради нешто друго и јас не сакам овде тоа сега да го изнесувам, па мислам дека не треба од оваа говорница, заради Законот за царините да каже дека овие разговори со ММФ беа тврди. Воопшто не беше спомнат во разговорите со ММФ

и Владата Царинскиот закон. Зашто, се дискутираше за оваа работа, се мисли дека тој Царински закон е хармонизиран, не се зборуваше за неговата содржина, така што мислам дека не е тоа вистина дека биле тврди разговорите, разговорите не беа тврди, туку се тврди во аргументите и фактите кои ние ги изнесувавме за ЕСАФ аранжманот, за она што е досега завршено, за она што ќе се изврши утре. Она што не е завршено ние ќе мораме да го извршуваме во новата Влада, а сега никој не сака да прима товари од претходната Влада, ние тоа и ќе го прифатиме, меѓутоа со тешко срце. Така што, тоа е во интерес на Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Повторно бара господинот Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас на почетокот спомнав дека воопшто не се работи за тоа дали ќе гласаме за или против донесување на овој закон и дали тоа е направено по иницијатива на Царинската управа на Република Македонија или е тоа иницијатива на самото Министерство за финансии. Еве, сега го слушаме и тој факт дека е по иницијатива на Царинската управа на Република Македонија. Меѓутоа, во тоа писмо и вие господине министре сами спомнавте дека се констатира состојбата дека не е исполнет ниту еден битен услов за примена на тој Царински закон. А, треба да се констатира виновникот кој е тој кој што не си ги завршил обврските во рамките на своите ингеренции. Царинската управа благовремено ги има доставено, всушност не Царинската урпава, експерската група која беше мешовита составена од луѓе од Министерството за финансии, од Министерството за правда и од Царинската управа на Република Македонија благовремено ги има сите акти доставено до онаа адреса каде што требаше да се решат. Дел во Владата на Република Македонија преку ресорното Министерство, дел во самото Министерство и дел се останати за решавање воопшто самата Царинска управа. Инаку, воопшто не е спорно дека не е ниеден битен предуслов исполнет да са практицира овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( Никој) .

Ако никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски поднесоа амандман на насловот на законот на член 2 и на член 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот, поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Значи, станува составен дел на овој закон.

Отворам претрес по амандманот на член 2, пдонесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пра-тениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој ) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

91 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за изменување на Законот за акцизи.

Предлогот на законот ви е доставен. Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93)

Дали има некој против? (Нема)

Дали имаме воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за акцизи со 93 гласа за.

Минуваме на Петтата точка - Предлог на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1999 година.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93)

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1999 година со 93 гласа за.

Минуваме на Шесттата точка - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за испитување на Јавните набавки од министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

БидејКи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

За Одлуката гласаа 90 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека Собранието со 90 гласа за ја донесе Одлукатг за избор на претеедател и членови на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки во министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Минуваме на Седмата точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

90 пратеници гласаа за одлуката.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Според тоа констатирам дека со 90 гласа Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар.

Минуваме на Осмата точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствек дом "Нада Михајлова" - Пробиштип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да ќрене рака?

90 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека со 90 гласа за Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова" - Пробиштип.

Минуваме на Деветтата точка - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Гевгелија и Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

87 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој е воздржан? (Никој)

Според тоа со 87 гласа за, Собранието ја донесе Одлуката за огласуваше на избор на судии на основните судови во Гевгелија и Прилеп.

Минуваме на Десеттата точка - Предлог на одлука за именување секретар на Собранието на Република Македонија.

Педлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (20)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според тоа со 68 гласа за и 20 против констатирам дека за секретар на Собранието на Република Македонија е именувана Каролина Огњановиќ-Чукалиева.

На секретарот на Собранието госпоѓа Каролина Огњановиќ-Чукалиева им го честитам именувањето и и посакувам успешна работа.

На досегашниот секретар господинот Горѓи Стрезоски, му благодарам за одговорната и професионална работа и му пожелувам многу успех во натамошното негово ангажирање.

Дами и господа пратеници, со ова го исцрпивме дневниот ред освен точката 1, која како што рековме по пауза од два часа тоа значи во 16,00 часот ќе продолжиме со таа точка.

(Седницата прекина со работа во 13,40 часот)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 16,10 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продолжуваме со работа по првата точка од дневниот ред  тоа е Предлог на закон за амнестија.

По барање на пртеничката група на СДС дадовме пауза да се умножи излагањето на претставникот на Владата министерот за правда д-р Владо Камбовски, го добивме неговото излагање во писмена форма, јас верува дека се подготвивме за расправа и затоа по општиот претрес, молам кој бара збор?

Ги молам службите да ги пребројат пратениците за да видиме дали имаме кворум. Во салата има 65 пратеника, имаме кворум за работа.

Молам, кој бара збор во рамките на општиот претрес.

Пратеникот Тито Петковски бара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, претствници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред се би сакал да кажам дека навистина не е добро што ваков закон кој задира во многу свери на општествениот живот, расправаме на ваков начин меѓутоа го носиме по итна постапка, кој има многу сериозни импликации во многу свери на општественото живеење. Јас лично сметам, познавајќи го деловникот дека начинот на донесување на овој закон нема упориште во деловникот на Собранието на Република Македонија. Но, еве Собранието одлучи и јас таа одлука ќе ја почитувам.

За Законот. Мислам дека повеќе би сакал да верувам дека ова што се случува со донесувањето на Законот е само лош сон и една можеби лоша епизода во работењето на ова Собрание. Јас би сакал вакви закони во мандатот на ова Собрание воопшто да не се носат. Ке кажам од кои причини тоа значи дека најдиректно јас. Ке гласам против донесувањето на овој закон, а ќе кажам од кои причини.

Прво, Република Македонија како самостојна, суверена држава донесе Устав на Република Македонија, врз основа на Уставот донесе сопствено законодавство меѓу кои и овој кривичен законик.

Во Уставот се проектира во Република Македонија граѓанско општество и се поделуваат функциите на власта на законодавна, извршна и судска. Мислам дека би било многу лошо доколку ќе воведеме, ова е за мене сериозен преседан, ќе воведеме пракса после овој преседан на сериоз но загрозување на функциите на едни од овие носители. Според мене овој закон значи директно мешање во законодавната, се разбира, по предлог на извршната власт во самостојното вршење на судската функција кои се многу прецизно дефинирани во Уставот на Република Македонија.

Аналогијата која овде беше извлечена и од воведот на министе рок за правда, морам да признам исклучително многу го почитувам како професор по кривично право, познавач на оваа материја за мене е неприфатлива 1991 година да се извлече аналогија со законот од 1991 година сличен за амнестија со кој се помилувани многу лица, најблагоречено е некоректно затоа што тој закон за амнестија од 1991 година со кој беа амнестирани многу затвореници во Република Македонија беше како резултат на осуда на граѓани на Република Македонија врз основа на прописи од бивша Југославија односно во некогашната заедничка држава и во услови кога и вербаниот деликт беше санкциониран со нашиот Устав на Република Македонија апсолутно не е конституиран како кривично дело. За волја на вистината бидејќи тогаш се покажа имало лица осудени и врз осуда на политичка проценка односно политички одлуки. Од тогаш наваму Република Македонија гради самостојна, суверена држава и целокупното сопствено законодавство го темели врз Уставот на Република Македонија онака како е дефинирана. Значи не постојат апсолутно според мене елементи да се извлекува аналогија на Законот од 1991 година со овој закон што сега го носиме за амнестија. Ако навистина постои убедување, а тоа можевме да го слушнеме и за време на предизборната кампања дека станува збор за политички судења бидејЅи во овој случај сосема е евидентно дека станува збор за донесување на закон кој се однесува за две лица односно четири условно речено за градоначалниците на Гостивар и Тетово. Беше коректно навистина да се признае дека токму поради реализацијата на политичкиот договор кој беше направен пред изборите и пред формирањето на коалиционата влада, се носи тој закон. Мислам дека е сосема јасно на граѓаните на Република Македонија дека тука станува збор и за добрата волја која беше искажана во промоцијата на коалицијата за промени доколку се дојде до расположение во ПДП-НДП да се коалицира во новата влада еден од условите беше ослободувањето на овие двајца градоначалници и преседавачи на советите. Врз основа на тоа дојде до проектирање на овој закон кој во својата суштина сега го има само тоа, меѓутоа, ќе искористат, така да кажам условно и многу други затвореници кои, како што рече министерот за правда во својата уводна реч можеби ќе се побунат доколку дојде до ослободување само на овие двајца односно четворица осудени лица кои се на издржување казна затвор.

Морам да кажам дека и како пратеник, па и председател на Собрнаието во поранешниот состав, а и како човек живеев во уверување дека тоа не беа политички судења дека затворањето на градоначалниците на Гостивар и Тетово е резултат на исполнување на неисполнување на судски одлуки. Во овој случај станува збор за неисполнување на одлуката на Уставниот суд што значи дека со овој акт, со донесувањето на Законот за амнестија по мое длабоко уверување се игнорираат одлуките на Уставниот суд. Се воведува сериозен преседан на кршење на принципите на правната држава.

Второ, ако навистина овие беа политички мотивирани или монтирани процеси како што тоа често пати се елаборира во дел од печатот тогаш не е постапката да се носи закон за амнестија. Според мое длабоко уверување и како правник не само како пратеник постапката е да се донесе да се започне повторување на постапката, па да се симне тоа петно од осудените луѓе дека тие навистина биле судени врз незаконска основа, односно врз

основа на монтиран процес. Или, доколку навистина се мисли дека е тоа така исто така сметам дека тоа не е работа на Владата и на ова Собрание, тоа е работа на Претседателот на државата. Во овој случај со донесувањето на овој закон ние на мала врата воведуваме практично она што го реков на почетокот контрола над судскаста власт во Република Македонија која по дефиниција на Уставот е самостојна во вршењето на судската функција. Тоа го заклучувам врз основа на следното. Во Република Македонија има избрани судии во основните, апелационите и Врховниот суд на Република Македонија. Избрани се трајно до крајот на вршењето во истекот на годините потребни за заминување во пензија. Стануба збор за професија која е гарантирана, а не можам да сватам дека имаат обврска судиите спрема власта што ги избрала ако веќе се избрани трајно на вршењето на судската функција до заминвуањето во пензија.

Сакам да кажам неодржлива е оценката дека со овој закон се сака практично да се спречи инструментализацијата на судиите и на судовите за политички цели. Мислам напротив овде сериозно се става на знаење на судиите дека понатаму за вакви дела не смеат да се изрекуваат вакви санкции. Сосема е јасно дека неизвршувањето на одлука на судот е кривич-но дело предвидено и санкционирано со нашиот Кривичен законик. Според тоа, неможе да стане збор за инструментализација на судиите во политички или дневно-политички цели. Јас прифаќам она што го рече министерот во својата воведна реч дека може да се сомнева кога станува збор за осуденик што го газеше македонското знаме во Крушево само врз основа на тоа што е исфорсирано многу побрзо донесена одлука. Меѓутоа, за одлуката на судот, конечната одлука на судот мислам дека не може да стане збор дека не е заснована на закон или дека станува збор за инструментализација на судот за политички или дневно-политички цели.

Второ, сметам дека навистина се пораките од овој закон бидејќи овој закон точно посочува дека се однесува на ослободувањето на градоначалниците од издржувањето на казната упатува на тоа дека понатаму вакви кривични дела можат да се чинат, ова е директна порака до граѓаните на Република Македонија, бидејќи во соодветни околности врз основа на констелацијата на политичките снаги на "Парламентот во секој момент може да се донесе закон со кој ќе се дерогираат судски одлуки со кои ќе се суспендира судството како самостојна институција во нашиот Устав и дека во секој случај политичките одлуки и се имаат супра-мација над одлуките на судовите. Мислам дека е тоа на мала врата воведување на супрамација на законодавната и извршната власт над судскаста власт и дека експлицитно значи дека во Република Македонија граѓаните кои се го повторат вршењето на вакивте кривични дела не мора многу да се секираат бидејќи имаме мнозинство во Парламентот кое во секој момент може да донесе закон со кој тие ќе бидат ослободени, односно амнестирани од одржувањето на казната.

Уште една теза која исто така мислам дека е многу проблематична дека тоа додуше не е теза ниту на предлагачите на законот ниту на министерот за правда дека биле во овој чин каде не постои кривично дело била инволвирана и полицијата на Република Македонија. Јас лично мислев, а верувам дека мнозинството граѓани на Република Македонија дека полицијата таму одеше да асистира при спроведувањето на судска одлука, одлука на Уставниот суд и дека таму практично стануваше прашање за одбрана на уставноста и законитоста и за спроведување на законите на Република Македонија. Не верувам дека полицијата на Република Македонија која асистираше односно при спроведувањето на одлука имаше намера да го тепа сопствениот народ. Напротив да се почитуваат одлуките на надлежните органи на судовите при спроведувањето на одлуките на судовите што значи да се обезбеди функционирање на правната држава и спроведувашето на одлуките на судовите.

Понатаму, незнам навистина како може да се образложи односно да се оправда фактот дека и за оние полицајци кои беа убиени при пресметка со терористи исто така да важат одредбите на овој закон за нивно ослободување. Како ќе им објасниме и на нивните семејства и на родителите на овие полицајци што беа убиени таму, а кои си ја вршеа работата мислејќи дека го спроведуваат законот. Јас сум убеден дека тие токму тоа го чинеа, го спроведуваа законот, ја бранеа законитоста во Република Македонија, ги бранеа принципите на правната држава. Според тоа, во принцип не можам да поддржам донесуваше на закон за амнестија според кој закон во исти кош ќе се стават сите. Додуша, тука има градација по однос на

процентот на ослободувашето на луѓето кои се на издржување на казна за различен вид кривични дела, меѓутоа практично сите. Значи, од една страна се залагаме за ефикасна правна држава, за отворена силна борба против корупцијата, против криминалот, против шверцот со оружје против дрогата и тн., а на мала врата се промовираат многу полесни казни или дури амнестија за овие општествено големи зла. Тоа е практично неконзистентност на политиката. Кога говорам мислам пред се за спроведувањето на принципите на правната држава Република Македонија. Многу е опасно да промовираме принцип дека врз основа на политички договор може во Република Македонија да се чини се, па и да се ослободуваат луѓе за најтешки кривични дела како убијци, или им се намалува сериозна казна.

Според тоа, почитувани колеги мислам дека немаме ниту еден валиден аргумент политички, правен овој закон да го поддржиме, бидејќи проектира во Република Македонија практично безаконие. Незнам со кои аргументи утре некој ако направи слични вакви кривични дела ќе излезе и судот и полицијата да си ја вршат својата работа кога знаат дека во овој Парламент има мнозинство кое во секој момент може да донесе закон со кој сите тие ќе ги стави под прашање и одлуките на судот и интервенцијата на полицијата. Затоа, предлагам навистина добро да обмислиме врз основа на овие и многу други аргументи кои беа елаборирани во јавноста пред да се донесе овој закон. Се разбира дека ги почитувам притисоците кои се од меѓународната јавност, хуманитарните организации, Советот на Европа, Комитетот за заштита на човековите права тоа им е работата, тие интервенираат врз основа на поплаки, претставки, интервенции од овде и се разбира сосема е човечки да се бара ослободување од казна или намалување на казна на секој што е осуден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

Тоа апсолутно не го доведувам во прашање. Доведувам во прашање некои многу крупни вредности на оваа држава со нејзи-ното осамостојување и со донесувањето на Устав со кој што се дефи-нирани принципите на правната држава и јасна поделба на функциите на законодавна, извршна и судска. Ако вака продолжиме, тогаш ве уверувам нема да има самостојност ниту во извршувањe на судската валст, ниту во законодавната, а најмалку ќе има во функционирањето на самостојноста на судовите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседатеале, почитувани пратеници, не би сакал да повторувам, најголем дел од аргументите зошто пратеничката група на СДСМ денеска ќе гласа против овој закон затоа што со сите нив се согласувам. Меѓутоа, сакам уште еднаш да повторам, погледнете уште еднаш заради што овој Парламент, или парламентарното мнозинство кое што веќе се има договорено и ќе може да го донесе овој закон, ќе го донесе овој Закон под итна постапка.

Во членот 344 во кој што се повикува, пишува дека под итна постапка може да се донесе закон само кога е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството, или кога тоа го бараат интересите на народната одбрана, безбедноста, или поголеми елементарни непогоди, или други вонредни и неодложни потреби. Што од овие причини е исполнето за да мора токму денеска да се донесе овој Закон за ослободување на градоначалниците и за амнестирање на затворениците од Македонија. Што е таа итна потреба и што е тоа што ќе настане во државата ако токму денеска и на оваа седница не се донесе овој Закон.

Во образложението на минситерот за правда меѓу другото беше речено дека една од причините покрај овие што не постојат и т.н. е пред се чувствителноста на таканаречената затворска заедница. И најверојатно се мислеше на тоа дека доколку затворениците знаат дека се најавува закон за амнестија, а кој се одложува, или не се донесува токму денеска, дека таму може да настане некој вид на затворска побуна. Па кој ја даде информацијата дека денеска токму ќе биде донесен тој закон? Треба ли да ги произведеме причините за да потоа самите да ги наведуваме како причини за итноста на донесување на еден ваков закон. Според тоа, прво сакам уште еднаш да повторам дека според мене лично не постои било каква причина за итност на донесување на еден ваков закон освен ако во итноста не е ставен некаков вид на политички договор, или политичко ветување меѓу партнерите во коалицијата дека еден дел од тие луѓе веќе до Нова година ќе бидат дома. Ако е тоа политичкиот договор и ако е тоа аргументот за итаноста, тогаш несомнено треба да се каже дека е тоа главниот

аргумент за итноста од донесување на овој закон. Меѓутоа, би сакал да кажам нешто за причините.

Вториот аргумент заради кој што не сме убедени дека треба да се донесе овој закон се причините кои што беа наведени, наведувајќи ги пред се аргументите од страна на мегународните институции **и** асоцијации во врска со тоа е кажано итн. Меѓу другото е речено дека една од причините за кои што треба да се доенсе закон за амнестија со ослободување на г-динот Руфи Османи, Алајдин Демири и другите итн. да им се опрости целосна казна е претераната политичката политизацијата на овие кривични дела и тоа едноставно создава некој вид на тензија во Македонија со која што со донесувањето на еден ваков закон ќе се ослободиме од таков тип на политички притисок.

Трето, кое што беше исто така беше речено, наводно бидејќи тоа се кривични дела заради тоа што постоело етничко насилство во кое што била инволвирана полицијата. И мојот претходен говорник мегу другото кажа за какво насилство стануваше збор. Па ние сите имавме можност сето тоа да го видиме меѓу другото на телевизијата. Точно е тоа единствено дека полицијата отиде да ја спроведе одлуката на Уставниот суд која што никој не сакаше да ја спроведува. Точно е тоа дека Владата на СДСМ беше прозивана токму од оваа денешна власт која што во тоа време беше опозиција дека не може да оствари контрола на целокупната територија на РМ, точно е тоа дека претставниците на албанците велеа дека со крв ќе го бранат знамето кое што е истакнато пред Собранието независно од тоа што за него не постоеше законска основа. Точно е тоа дека врз сите нас се вршеше притисок дека сме предавници на македонскиот национален интерес затоа што дозволуваме практиочно на една територија да се покажува сила од страна на оние кои што практично не сакаа да ги почитуваат одлуките на Уставниот суд на Република Македонија. Тогашната Влада на РМ се обиде тоа да го реши на еден друг начин, со помош на донесување на еден друг закон за кој што гласаа дел од албанците кои што беа во нашата владина коалиција. Мислевме дека е тој тип на фер компромис и сметавме дека кога веќе се носи нешто такво дека барем тоа ќе биде основа за да ако ништо повеќе ги убедиме дека ете, постои начин на мирен начин да се реши тоа прашање. Меѓутоа, видовте што се случи во Гостивар. Таму тие што отидоа, милиционерите кои што отидоа беа токму нападнати од оние, кордонот кој што стоеше пред симнатите знамиња. Независно дали после тоа имало злоупотреби. Ако имало злоупотреби постои друга постапка да се утврдат и да се казнат сите тие што ја употребиле сопствената функција во време на таа интервенција. Меѓутоа, факт е дека таму постоеше кривично дело заради кое што кривично дело имаше и нормална судска постапка. Меѓутоа ако овој закон се донесува мегу другото да се врати довербата во судството што тоа значи? Меѓу другото од прилика се вели дека основата за донесувањето на овој Закон е затоа што во суштината на правото е содржана праведноста и дека всушност со оглед на тоа што правото е применето на тој начин, а меѓу другото се цитира дека всушност било за непостоење на кривично дело биле изречени превисоки казни. Практично со тоа се изречува една политичка оценка за работата на нашето чувство. Па зарем за работата на нашето судство ќе му судиме политички од страна на говорниците на Парламентот. Зарем не постои начин да се повтори постапката и да се утврди ако во Македонија навистина постоело политичко судење, тогаш нека бидат осудени оние кои што биле инволвирани во процесите на политичкото судење, тогаш нека се земат на одговорност и полицајците и оние кои што ги носеле политичките одлуки и судиите, нека одат тие во затвор, а господата Руфи Османи и другите нека си бидат на слобода. Ако е тоа интенцијата на политичката власт итн. нека го направиме тоа, ако е тоа прашање на политички договор, тогаш така треба да се истера, а не со помош на една мала врата, со еден тип на политичка амнестија. Се вели бидејќи во интенција на правото е да се оствари правдата, бидејќи треба да се оствари сега повисок степен на праведност, тоа ќе се стори со донесување на политичка одлука, бидејќи политиката може во овој кога има парламентарно мнозинство со донесување на закон за амнестија едноставно да ги исправи грешките што ги правело судството. Ако грешките ги правело судството, тогаш нека ги исправат веднаш на тој начин.

И последното прашање за кое што исто така ми се чини дека постои. Ние со помош на овој Предлог закон за амнестија се ослободуваат од натамошно издржување на казната. Значи сите оние кои што се осудени за кривични дела предизвикување на национална верска омраза, раздор и нетрпеливост, потоа

неизвршувае на судски одлуки и организирање на отпор. Се донесува закон за амнестија кога се смета дека е смалена опасноста, и дека е речиси минимизирана опасноста од вршење на такви кривични дела. Притоа другите кривични дела, за другите кривични дела во Македонија како што е дури и правењето на безбедноста на сообраќајот што се обичните сообраќајки им се смалува казната од 25% до 10%. Значи сите други кои што правеле било какви други кривични дела и натаму ќе ја служат казната во нашите затвори. Меѓутоа, овие кривични дела за кои што наводно веќе не постои таква опасност да се прават во Македонија тие се ослободуваат натаму од целосно издржување на казната. Јас морам исто така да го повторам она што веќе беше кажано, меѓутоа бидете убедени дека со ова создаваме само легитимитет да овие дела кои што се масовно распространети во Македонија да бидат мошне практично практицирани во натамошната пракса во нашиот политички живот. Не знам како парламентарното мнозинство ќе се однесе тогаш, тогаш кога ниту во еден дел од краевите каде што имаме мнозинство на население од другите националности нема да бидат истакнати ниту еден од државните симболи на РМ, заради тоа што практично таквите државни симболи не се доживуваат како свои, или кога масовно ќе бидат поставени исто така знамињата, а нема да бидат истакнати државните симболи на РМ. Дали и тогаш всушност ќе продолжиме со праксата на непочитување на Законот, дали со ова практично се легализира правото да се прави се што се сака во нашата држава. Тоа е основниот аргумент за кој што семтам дека овој закон воопшто нема основа да биде донесен. Овој Закон практично легализира една мошне лоша пракса во нашиот правен и политички живот и на крајот на краиштата навистина претставува еден тип на политичка инструментализација на правото, политичка инструментализација на силата на парламентарното мнозинство да интервенира и да го дерогира комплетниот правосуден систем во РМ и правната држава. Оттаму јас лично, а се надевам и многу други дека ке гласат против и дека праксата на политичкиот живот во Македонија понатаму ќе покаже дека правиме еден лош преседан особено во услови кога и оние кои што се на издржување на казната за тие дела не сакаат дури да поднесат барање за помилување. Едноставно се обидуваме со помош на еден закон за аболиција им овозможиме да излезат од затвор независно од тоа што тие самите тоа не го сакаат. Повелете, ако навистина тие се убедени во тоа дека оваа држава го кршела законот, дека оваа држава има политички одговорни лица за политичко насилство, за политички монтирани процеси да се оди во тоа во еден нормален правен процес во оваа држава во која што ќе се докаже и секој кој што е одговорен за таквото нешто, нека одговара пред Судот на правдата во оваа држава. За тоа се спремни сите кои што наводно се обвинети за учествување во такво нешто. Без такво нешто мислам дека тие се само неоправдано обвинети и се фрла вистина една непотребна навреда на еден огромен број луѓе кои што учествува во сето тоа од чисти патриотски причини.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници,

Дадов збор дека 90 дена нема да дискутирам во Парламентот, нема да ја чепкам Владата, но еве сум испровоциран позитивно од овие дечки од оваа страна не можам да ги препознам. Станува збор цело време за итноста од носење на закони. Да ве потсетам вас, сите од оваа страна бидејќи сте нови, со многумина тука сме добри познаници. Ние во изминатиот Парламент носевме закони без кворум. Многу закони носевме по итна постапка, што е вистина бевме судени, пресудувани дека грешиме во броењето, дека не ја познаваме математиката. Во Парламентот немавме ни кворум, 61 пратеник. Ние многу закони донесовме на брза рака. Таков закон беше и Законот за знамињата, Законот за употреба на знамињата на националностите. Тоа е тој Закон за кој беа тепани граѓаните на Гостивар и Тетово. Од истата говорница зборував тогаш и многумина пратеници од Либерал-демократскта партија зборуваа дека овој Закон се носи по итна постапка, дека ќе направи многу импликации, ќе се мултиплицираат работите. Тогаш Владата немаше слух. Би било добро да стане бившиот премиер г-динот Црвенковски и да каже зошто и како го донесоа Законот, како отидоа единиците неспремни, ги изложивме истите тие полицајци кои денеска ја носат истата униформа ги изложивме на ризик да загинат бидејќи беше договорено тогаш меѓу СДСМ и ПДП. Од истата говорница јас кажав тогаш и бев осуден и од јавноста, пишување и така и така, се беше во една режија. Да не заборават господата од левата страна од СДСМ дека не беше исфорсирана работата.

Кога кажувавме дека Законот кој го носи и Одлуката на Уставниот суд дека треба да се спроведе, по итна постапка се спроведе тогаш. Кажувавме дека е отсутен претседателот на Државата, тогаш беше г-динот Тито Петковски претседатеал на Собранието и без право тогаш го потпиша Указот во отсуство на претседателот на државата кој беше во Шпанија. Кажавме дека ќе се случат немири, немири ќе има во Гостивар и Тетово. Тогаш се немаше слух. И тогаш реков и сега ќе повторам, малку е тепање, полицијата е исправна, полицијата е таа што извршува задачи. И во овој момент и во овој состав на Владата да добие наредба полицијата ќе тепа, сигурно ќе тепа и ќе тепа да знаете. Полицијата е платена, секој граѓанин ја плаќа полицијата за да брани она што е внатрешно, да го брани она што е со Уставот загарантирано. Да, ќе ги тепа граѓаните затоа што граѓаните ако испаѓаат вон она што е институционално, вон Уставот, полицијата мора да реагира. Затоа е полицијата, инаку нема потреба од полиција.

Стана збор за она што се случуваше во овој изминат период. Сега наоѓаме забелешка дали судовите и како реагираа судовите. Па вие господа правевте драми и невидена репресија врз многу чесни судии, не ги изгласувавте, наоѓавте критериуми дали се морално подобни. Се вративме на едно минато време дали се подобни или не се подобни. Многу стручни кадри ги унакажавте, семејствата, најблиските, родителите претрпеа тортури, не ги изгласавте, затоа што немаа потпишано пристапница за СДСМ. Мислам беше жално. Судот го оставивте и имавте една намера да направите една држава, една партија и еден народ. Тоа не може на овие простории. Таа теза е веќе минато свршено време, таа теза не постои и нема перспектива на таа теза. Сега се повикувате како да ги судат судовите. Судовите треба да судат како што треба да судат. Но, вршевте притисок, се чекаше Одлуката, извршивте притисок врз Уставниот суд после толку време донесе одлука дека Законот за употреба на знамињата на националностите е неуставен и дека треба да отпадне. Зошто го форсиравте тогаш Законот. Знаев дека Законот ќе носи импликации и знаев дека Законот ке дојде до конфронтации. Нема место за осудување за интервенција на полицијата. И тогаш дискутиравме од оваа говорница дека полицијата не беше спремна дека акцијата не беше спремна, дека имаше ризик како и за полицајци така и за граганите во Гостивар и Тетово. Тоа што се случи како спонтана реакција, тоа беше неминовно. Беше кажано дека мора да се бранат знамињата и дека мора да постојат. Законот беше донесен по итна постапка во доцните часови и утрото интервенираше полицијата. Знаеме што се случи и се случи тоа што се случи. Сега, дали е оправдано она што го направија градоначалниците. Не знам дали јас би судел, мојот суд би бил многу по лош, се носи закон за амнестија. Ако сите луѓе во Македонија оценија дека има нарушување на, да кажеме, злоупотребата на градоначалниците и ако судеше Европскиот совет и многуте асоцијации, добротоврни друштва и заштита на човекови права дека казната е политички е многу голема. Исто ние направивме и со она што се случвуаше, ние сме единствен Парламент одземавме имунитет на еден пратеник. И, тогаш зборувавме дека Парламентот не е тој кој може да му земе имунитет на еден пратеник. Имунитетот на пратеникот му го даваат само граѓаните. Парламентот треба само да потврди. Ние направивме преседан дали еден пратеник не доагал 6 месеци. Тоа е ноторна глупост, невидена работа. Во ниеден западен Парламент тоа не постои. Постојат други санкции и мерки да се казни пратеникот дали да му се одбие од плата нередовност или други работи. Ние земавме имунитет. Сега ќе ни се случуваат многу лоши работи. Парламентот треба да се занимава да зема и да дава имунитет. Најголемата грешка што ја направивме. Зборувам за еден период на она време. Сега се враќаме на она што дали политичка инструментализација на правото. Малку е недефинирана работата и сигурно дека од причини дали политички, дали не знам кои дека треба да се направи амнестија, дека не е почитувана Одлуката на Уставниот суд. Треба да носат одговорност било кои политичките, да кажеме, противници, сојузници или било кои претседатели, пратеници и други, Законот мора да се почитува. Законот мора да се почитува и ако е направен престап и ако престапиле или погрешиле по она што го судел Уставниот суд. Зборувам за градоначалниците. Оние казни се нереални. Ова е невидена работа. Со тоа се направи уште една грешка, ја испровоциравме дури и јавнсота во Европа. Ги испровоциравме да реагираат европарламентарците и да носат една резолуција за ослободување да се изврши притисок. Сигурен сум и верувам во тоа дека поводот заради тоа што непочитување на една одлука не може еден

градоначалник, еден пратеник да биде ригерозна, 7,12,15 или 30 години во услови кога знаеме каква е правната држава.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Би завршил на крајот и би ги потсетил пратениците и "дечките" од СДСМ, многу работи направивме во овој изминат период и нема место за лутење. Оставете, ако грешат овие луѓе, мнозинството на граѓани им даде една широка подршка. 500 луѓе гласаа за овие луѓе. Ако направиле грешка и ако прават, сигурно дека ќе ги казни ова граѓанство, она гласачко тело. Оставете нека ја носат тие одговорноста. Ние имавме можност, видовме какви закони носите. Видовем дека Ви се вратија ретроградно и Ве казнија. Бегавте од граѓаните, а ова нека биде една поука за Вас, една поука исто и за новата Влада, затоа што ако прави исти грешки ќе ја доживее истата судбина.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г-динот Даневски.

Само ве молам да го сочуваме достоинството на парламентот и мислам такви комплименти да не си делиме, иако јас лични би сакал такви комплименти да му каже дека сум "дечко" , но изгледа дека не сум. Но, во секој случај, сепак да го сочуваме доситинството на парламентот и да се ословуваме така како што треба да биде со господа и госпоѓи пратеници.

Продолжуваме со расправата.

Молам, дали уште некој бара збор?

Дали можам да сметам дека расправата по општиот претрес на законот за амнестија заврши?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван г-дин Климовски, претседател сепак, а не дечко,

Да Ви кажам искрено, можеби малку необично ќе ја почнам дискусијата. Сега, паузата ја искористивме да можеме да излеземе од зградава на воздух. Враќајки се во зградава во 16,оо часот, цело време размислував што всушност ќе беше да беа изменети улогите. Како и порано што се случувало. Си размислував што ќе беше на изборите да добиеше СДСМ, што *е."* беше да коалицираше со ПДПА и што ќе беше денеска во парламентот да понудевме закон за амнестија на господата Османи и градоначалникот на Тетово и заради нив на уште 800 затвореници во РМ, осудени за кривични дела.

Што ќе се случуваше со коалицијата на господата Георгиевски, Џафери, Топурковски, така комотно ќе седеа и ќе размислуваа во тишина дали да дадат глас или не или веројатно ќе организираа протести пред парламентот?

Се разбира дека ова не се претпоставки бидејќи јас, како пратеник во изминативе два мандати, практично и да не заседава, да донесе некоја одлука, почнувајки од Уставот па до последниот ден, а да немаме пред вратата организирани партиски протести за сериозни политички процеси што се одвиваа во Република Македонија. Да Ви кажам, тука работата е сменета.

Меѓутоа, таму каде работата не е сменета, а работата не е сменета делумно во потребата на Владата и парламентарното мнозинство, да не паушално, не толку заради форма дека мора да се даде образложение дека е итна седницата и мора да се даде образложение зошто е законот таков, по некој збор мора да се има. Новината не е, затоа што, да Ви кажам искрено, јас како пратеник на тогашната владеачка коалиција многу често ми пречеше комотноста на Владата и парламентарното мнозинство, се чудев како е можно да не се има потреба да не се елаборира, да се бранат ставовите, дека едноставно најелементарно беше да се изгласа што побрзо кај огромен број на пратениците и Владата, затоа што се имаше други обврски, треба да се исполнуваат другите функции, пратенички, министерски, владини, а не да се образложуваат и елаборираат ставовите пред Собранието, единствено место каде може да се донесе закон.

Таа работа не е променета. И, нема да го сфатите како малициозност, веројатно нема да го сфатите ниту како предупредување, а најверојатно ќе го сватите како едно комотно однесување на еден опозиционен пратеник во овој момент, дека таквата работа долго не оди. Дека таквата работа долго не оди, сериозни закони мора да се елаборираат, за сериозни закони мора да се чуе аргументација од мнозинството во парламентот зошто ќе се гласа за и за сериозни закони мора да се елаборира и да се води расправа и во јавноста. Тие не можат да се пуштат попладнето во Собранието за утре попладне да ги донесе Собранието. Затоа што и покрај тоа што дефакто сите сме исклучени од расправата, на пример сега немаме никој податоци што дефакто тоа значи? Знаете како се носат законите таму каде Вие се повикувате, во

тие парламенти дека ни сугерираат? Се кажува, со овој закон, за дело убиство се осудени 300 луѓе или претпоставувам 30 луѓе, па вкупно имаат да одлежат уште 200 години и на нив им се намалуваат 30 години. Или, просечно им се намалува по една година на секој за убиство. Секому за стопански криминал, тоа се 400 луѓе, пример кажувам, нели, меѓутоа мислам дека тоа треба да го има во образложението. Да знаеме дека во Македонија имаме затворски казни икс години, па дека од овој момент со законот ќе имаме икс минус ипсилум години затворски казни. На крајот истото тоа ќе влијае поволно на Буџетот, помалку храна, помалку греење за што министерот вчера се жалеше на телевизија дека нема пари во Буџетот, за храна и греење на затворениците, министерот за финансии и дека тоа и тоа има соодветни финансиски ефекти врз Буџетот. Вели, финансиски средства за спроведување на овој закон не се потребни. Ако вака продолжиме, не само што не се потребни туку ќе имаме многу сериозни суфицити во буџетските ставки.

Сметам дека ова комотно однесување и седење е моментално првиот или вториот или овој пат е осмиот чекор, ова е осми закон што го донесува Собранието и сите се по итна постапка до сега. Тоа е осмиот мал чекор на патото од 8 километри или 8 милји, така да кажеме, во кои верувајте дека нема далеку да се стигне, особено што никој од нас не е убеден во тоа што го прави.

Согласувајки се со дискусиите на господата Петковски и Спасов исто така би сакал да се навратам што се причините за овој закон. Мораме отворено да кажеме или да признаеме дека причините беа јавно изнесувани уште на почетокот на изборите, а особено после завршувањетс на изборите, каде што пратениците од албанските партии, а најмногу од ПДПА-НДП во коалиција кажаа дека имаат платформа за коалиција во власта, во која покрај двојазичноста, промена на Уставот, барање за двонационалност и незнам, тоа веројатно ќе дојде на дневен ред од оваа владина коалиција, беше и ослободувањето на господата Демири и Руфи Османи.

Верувајте дека полесно би било и за СДСМ како пратеничка група ако овде се излезе и се каже дека оваа коалиција е заснована на овој политички договор. Тој политички договор не се остварува со партиски акти, се остварува со законски акти и бараме амнестија за овие двајца. Меѓутоа, да ми се сервираат податоци дека на тоа не тера Парламентот на Европската унија, така наречениот Европарламент, знаете што, ако ги извадиме, а за тоа има, еве повторно проблем, ние не можеме да се подготвиме од вчера за денес, меѓутоа, јас ќе Ви извадам во последниве десет месеци или ако сакате во последниве четири години едно 30-40 резолуции на Евро-парламентот во кои се реферираат на Македонија состојбите во Македонија или нешто слично. И, верувајте, тие резолуции најчесто и сериозно ни државите чии пратеници таму гласаат, не ги прифаќаат, особено нивните влади. Затоа што тоа најчесто се лоби групи во Евро-парламентот што најчесто и така ги протнуваат работите.

Меѓутоа, ако влеземе во процес на сериозни сфаќаша на резолуциите на парламентот, тогаш би било добро да добиеме од Министерството за надворешни работи сите резолуции што досега ги понудили на Република Македонија, што се реферираат не само за меѓунационалните односи, кои се реферираат за името на РМ. Па, ако сакате не Евро-парламентот, туку највисокото тело на Европската унија имаше една резолуција да се откажеме целосно од името Македонија.

Јас не сум за политика на така лесно и така брзо на се што ќе донесе како резолуција Евро-парламентот. Затоа што, верувајте, додека ние заседаваме, може да има уште резулуција сега, како што впрочем и го искуси владината делагација сега на правата средба во Брисел, отидоа таму, се поздравија и си ветија добра љубов на патот кон Европската унија на 8-ми, додека на 9-ти ни кажаа дека кратенката МКД се менува во ХМ. Значи, тие односи не се засноваат на алтруизам, на љубов туку на реални факти. Ако почнеме редовно да ги применуваме во нашата практика, во нашиот систем не критички, мислам дека ќе воведеме многу лоша пракса. Не можат тие, по дефиниција, да се позаинтересирани за нашата држава и за односите од нас самите. Или, да се цитира Конгресот на локалните власти при Советот на Европа. Знаете, Конгресот на локалните власти не е конгрес на законодавци, нигу конгрес на извршна власт туку е Конгрес на локални власти. Во Советот на Европа, во тоа тело, најчесто седат по неколку градоначалници или, ако има регионални власти, по неколку шефови на регионални валсти, така како што се викаат во сопствените држави, гувернери, кметови и т.н. Заседаваат најчесто на неформални седници. Сега, ако Конгресот

на локалните власти на кој не седат легислативци ги применуваме тука и се повикуваме на нив, исто така ќе завлеземе во сериозни процеси што ќе ни ги диктираат луѓе кои премногу не се загрижени за нашата состојба.

Исто така, г-дине министре, овој пат лично ќе се обратам, не сум баш убеден во аргументот, информиран сум дека наскоро во Советот на Европа ќе има една резолуција за ова прашање затоа што јас ја имав таа чест во име на Македонија неколку години да бидам во Советот на Европа. Не сум информиран, напротив информиран сум дека нема, освен ако сега некој не покрене. Меѓутоа мислам дека ќе стане апсурдно после овој закон да го покренува.

Нема да се повторува, напротив ќе ги поддржам сите изнесени аргументи од г-динот Тито Петковски и г-динот Горѓи Спасов во врска со аспектот на овој закон, во врска со функционирањето на правниот систем, на судскиот систем, на реалноста во Република Македонија.

Ќе се навратам на почетокот, јавно се прашувам, дали овој закон всушност е заснован на принципите овде, број 6 што беа изнесени, а не наведени во образложението или пак всушност е заснован на елементарен договор. Дали тој се заснова на потребата по повод 50-ет годишнината да одбележиме Универзалната декларација со тоа што ќе прогласиме амнестија за сите луѓе во македонија кривично казнети и лежат во затвор, дали со тоа ќе ја потврдиме независноста на судството? Напротив? Мислам дека со тоа ќе ја намалиме. Се разбира дека пророштва тука не палат и дека ќе видиме дали ќе се зајакне или ќе се намали независноста на судството. Јас мислам дека судиите ќе почнат да размислуваат што да прават со своите одлуки, од аспект дкеа Собранието се става над нив?

Незнам како ќе биде во иднина, возможноста на Уставниот суд да укинува закони и акти што ги донесува Владата кога отворено кажуваме дека тие кој не ги спроведувале актите и одлуките на Уставниот суд се казнети заради тоа, треба да ги ослободиме и тоа дефакто без никакво образложение освен со политичката потреба Владата да коалиција со ПДПА и затоа да ги ослободи затворениците.

Ајде да размислиме во каква положба ќе биде Уставниот суд доколку Владата, некој оспори одлука на Владата пред Уставниот суд од сега па натаму? Како ќе се однесе Уставниот суд ако од сега натаму оспори закон на парламентот што е донесен? Како Уставниот суд ќе го укинува и на крајот на краиштата, ако ја поништи или ја укине таа одредба, како таа ќе се спроведе? Оние кои не ја спроведуваат системот не ги казнува, туку и наградува. Тие даваат политички изјави, тие се главни на телевизиските национални канали на главните вести во 19,30 часот, господата кои се кривично казнети и лежат во затвор даваат политички изјави по 10-15 минути на МРТ привилегија што неможе да ја има никој од нас освен господата од Владата да ја имаат, да влијаат на јавното мислење и уште да ни сооштуваат дека причините поради кој се наоѓаат таму се исправни, дека Македонија треба да се кантонизира, дека теориите за федерација се детска игра, дека всушност треба конфедерализација на РМ и се порачува од затвореници во затвор.

Сега ние, ако Уставниот суд нешто поништи, ако судскиот систем ги донел тие луѓе во ситуација не водејќи грижа за сите нас мора нив да ги изолираме од општестовто, а ние ги помилуваме сите со амнестија, кој утре ќе изврши одлука на Уставниот суд? Ако еден закон поништи Уставниот суд, кој ќе се најде сега да каже дека тој закон не го спроведува? Апсолутно отвораме врата да се спроведуваат законите на мнозинството без разлика како Уставниот суд ќе се изјаснува.

Јас би поставил едно, па нека биде дури и тривијално прашање, нека биде многу приземно, меѓутоа мислам дека поприземно од овој закон нема. Затоа ќе си дозволам поприземно да размислувам.

Сите знаете, г-динот Спасов кажа, г-динот Даневски е соучесник или сведок на тие настани, почна кога знамињата се истакнаа во Гостивар. Дали размислувале дека утре после донесување на овој закон знамето во Гостивар може да се истакне? И, во која законска процедура тоа знаме ќе се симне? Кој ќе донесе одлука да се симне знамето, додека е неуставно? Кој ќе асистира за да се спроведе одлуката? Кој ќе ги казни оние кои мислеле дека не треба да ја спроведуваат одлуката? Кој ќе ги чува оние кои треба да ја спроведат казната? Ниту оние во затвор ќе мислат дека треба да ги чуваат, ниту оние во судот ќе мислат дека треба да ги казнат, ниту оние во полиција ќе мислат дека треба да ги извршат казните, да ги спроведат одлуките, ниту пак во Уставниот суд, ниту пак во судовите ќе мислат дека треба да поттикнат такво

дејствије? Само ќе биде прашање на денот како ќе се множат тие знамиња.

Јас поставувам едно многу тривијално прашање, што ако утре се повтори знаме повторно во Гостивар? Целата процедура ја брише, Ве молам. Веќе како држава немаме, оставете го Конгресот на локални власти во Стразбург. Во нивните држави тоа не се вее. Оставете ги и Европа и парламентарците. Кој ќе ги спроведува тие активности? Нека биде тоа едно хипотетично прашање на кое веројатно одговор нема да се добие.

Да Ви кажам право, малку не збуни и логиката на предлагачот, дека, цитирам "усвојувањето на овој закон ќе има една важна превентивна улогоа", и продолжува "ќе придонесе за унапредување и поттикнување на процес на превоспитување на осудени лица". Мислам дека ова може иронично да се прочита и вака овој закон ќе има една важна превентивна улога ќе треба да придонесе за унапредување и поттикнување на процес на превоспитување на оние кои носат судски одлуки. Да ги превоспитаме и малку превентивно да ги предупредиме што ќе прават? Мислам дека на нив ќе делува превентивно.

Се надевам дека се работи за несмасно срочена изјава или лапсус на Владата и како таква ќе го третирам, тоа е фактот дека Владата имала резерва дали на оние кои се бават со недозволени дејствиј со дрогата, дела во врска со дрогата, Владата завзела, цитирам, "мошне остар курс" и затоа ги амнестира само со 10%.

Сега ќе ја поставам контратезата: Дали тоа значи дека оние кои 20% ги амнестира имаме релативно остар курс кон оние кои се бават, на пример со убиство, кражби, загрозување на имот? Значи, ако остро се бавиме со овие со 10% амнестија, тогаш кон овие другиве изгледа малку 15-25% ги ослободуваме, значи благо се однесуваме. Тогаш да ја псотавам тезата до крај, ако заради остриот курс поради елеминирање на овие дејствија од страна на Владата тие само со 10% се амнестираат, тогаш прашувам оние што целосно се амнестираат, каков е курсот на Владата. Тоа не е ниту остар, ниту мошне остар, не е ни благ, туку е кооптирачки, кооперански, соработувачки курс зашто целосно ги ослободува. А, трите дела за кои Владата целосно го ослободува и не зазема никаов курс, ги ослободува, се оние кои шират на национална, расна и верска омраза , оние кои не извршуваат судски одлуки и оние кои организираат отпор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:(продолжение)

Замислете каков апсурд. Кон нив немаме мошне остар курс. Кон нив немаме ни благ курс, со 20% ослободување, туку имаме целосно ослободување од 100%. Тие утре ќе си одат дома. Уште во законот пишува дека казнените управи во рок од 3 дена треба да ги спроведат овие законски одредби. А како што се експедитивни верувам дека утре Службениот весник, ако претседателот на државата има уставно право, како некој кажа овде, не го искористи, тогаш овие луѓе на први ќе бидат дома. Во рок од 3 дена да се спроведе.

Навистина мислам дека Владата, господа министри овој пат има проблеми со својот курс.

Инаку, има едно старо правило кое вели кога заседава еден парламент не се сигурни ни животите ни имотите во таа држава. Значи Парламентот во секое време може да донесе закон за национализација, или закон за притварање на некого или осуда. Меѓутоа, тоа со тек на време, оваа стара изрека се трансформирала во спротивност и таа гласи дека Парламентот всушност денес значи гаранција на имотот и животите на граѓаните. Ова е таа институција господа пратеници, господа министри, која треба да значи гаранција на животите и имотите во оваа држава. Ние сме тие кои создаваме институции кои тоа ќе го гарантираат. Е, сега мислам дека со овој закон ние напротив ги правиме имотите и животите несигурни во Република Македонија. Или можеби не апсолутно сигурни, меѓутоа релативно несигурни затоа што носиме закон дека оние чии дејствија во минатото биле насочени кон нашите животи и нашиот имот ги амнестираме. Значи ние го поттикнуваме процесот на несигурност. Сега, повторно апсурдот да е најголем, најмногу ги амнестираме оние кои се насочиле со своите дејствија против сите нас. Не со убиство, не со кражба, не со насилство, туку оние кои пружале организиран отпор. Оние кои wиреле меѓунационална омраза.

Тоа е судско решение, јас не навлегувам во него, ниту ме интересира, ниту сум квалификуван, ниту со Уставот имам надлежност да се мешам, меѓутоа судската одлука беше таква. Не се работи тука за меѓунационалните односи на Луксембург и Белгија па Европарламентарците во Стразбург да кажат помилувајте ги. Се работи за наши меѓунационални односи.

Меѓутоа, сметам дека овој закон нема ни политичка, има правна логика која Владата, извинете на изразот, во овој момент парламентарното мнозинство ќе ја злоупотреби. Идејата во Кривичниот законик за можност на Парламентот да амнестира сега се злоупотребува. Се политизира и се сведува во рамки на политички договори и затоа сосема сериозно ја повикувам Владата и предлагачот, претставникот на Владата да го повлече законот од процедура и уште еднаш да се размисли за целиот процес кој произлегува од политички договори на линија ВМРО-ДПМНЕ-ДА и ПДПА-НДП и да не го доведе Парламентот и пратениците во ситуација да мора или да треба да изгласаат закон кој ни политички, а се разбира, мислам дека ни правно не е доволно издржан.

Последните две работи за кои сакам да кажам се следните:

Прво, ние често на оваа говорница, минатиот мандат особено на изборите, незнам колку со право, меѓутоа се споменуваше дека во државава има организиран криминал. Луѓето кои тоа го тврдеа и кои на некој начин тоа во јавноста го мотивираа сега се наоѓаат на врвни позиции во Владата на Република Македонија. Јас прашувам дали организиран криминал кога криминалот е врзан со структури со власта или кога меѓусебно си помагаат. Ако е така дали Парламентот и Владата со донесување на закон со кој ги амнестираат оние кои се бавеле со наркобизнис, со криминал, со убиства, со дејствија против дражвата со тоа што ние ги амнестираме всушност влегуваме во нивната, народски да кажам, варијанта. Дали ова има една нова дефиниција на организираниот криминал. Ете го, ние во власта, во Парламентот и во Владата се договоривме со нив дека ќе бидат амнестирани со политички одлуки во оваа држава. Затоа јавно ги прашувам предлагачите дали се убедени дека ова е добро решение за Република Македонија. Дали се наоѓаат по политички притисок на претходно преземени обврски и сега да ни се нуди закон кој треба да се донесе во Република Македонија. Ако се убедени нека се гласа, меѓутоа ако не се со чиста совест нека го повлечат законот, нема да направат лошо.

Благодарам.

(Аплауз од пратениците на опозицијата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Арбен Џафери.

**АРБЕН ЏАФЕРИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа,

Очигледно дека се прави една осмислена опструкција на Законот. Јас не сакам да се вовлечам во ваква опструкција, меѓутоа сакам да ви понудам едно американско решение.

Американците имаат мошне прагматични решенија. Тие велат ако одите во ВЦ, видите дека некој направил некоја работа што не треба да се направи тука и не ја повлече водата, тогаш нивниот совет е да ја влечете водата а не да се расправате тука. Ние денеска не сакаме такви расправии, сакаме само водата да ја повлечеме и да се ослободиме од смрадот кој ни го оставивте вие.

(Аплауз од пратениците на позицијата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Џафери за краткото излагање.

Има збор г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претседателство, почитувани колеги,

Немав намера сега да дискутирам меѓутоа, иако знам дека после ваквите дискусии ќе имате причина, а се надевам дека сега ќе се откажете, да користите право на реплика. Тоа е една од основните причини што нема тоа задоволство да ви го дадеме, меѓутоа ќе си дозволам некои работи да ги соопштам во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ова е Шеста седница и почнувајќи од самиот почеток, а што добивме во контекст на оваа фактичка метафора на г-динот Џафери што ни ја соопшти, за која треба да размислите. Уште на првата седница вие дадовте ретко видена анализа со квалитетни конотации на експозето на премиерот. Толку добро се потрудивте што јас немам да дадам друга квалификација освен дека дадовте неверојатен аспект. Но, анализата на Вашата содржина на соопштувањето е следнава.

Има 5 до 6 збора, или состави на зборови кои така сте ги поставиле вие, не јас. Кои се однесуваат дека не може, никако не може, не смее, внимавајте што правите ќе ве следиме. Значи вашиот стил на коснтруктивноста што ја понудивте во Парламентот на работата е извонредна состојба која ја приложивте. Тоа нас не радува, меѓутоа методот на кој тоа се прави е спротивен во продуктивноста на нештата,

затоа што ако се проанализираат сите тие работи го покажуваат следното. Негација и закана. Па, ние имавме изборна кампања, ако тој стил сакате да го продолжите ние на тој стил како во изборната кампања нема да ви одговараме, нема исто така да ви прифатиме. Повремено ќе ви соопштиме наши размислувања за вашата содржина на анализите, како што во рок од една минута е анализата на она што го правевте со експозето.

Втората работа денес што се случува е следната.

Една кабинетка конструктивност. Тоа е многу убаво. Тоа се теоретски работи. Вие имавте можност шест години тие теоретски работи посебно во случајот околу оваа точка на дневен ред, за која денеска разговараме, вака убаво ако треба и пет дена да работите во Парламнетот да ја објасните со сите партнери парламентарни, јас мислам дека се партнери, заедно работиме и со коалиционите партнери во Владата, да ја објасните наместо да донесувате закон кој се спроведува во 6,00 часот утрото кога се испраќаат граѓаните на оваа држава, кои работат во соодветните полициски служби да се конфронтираат со соодветните граѓани во одреден град. Така што тоа е кабинетски манир на држење на лекција можете да го спроведете онаму каде што работите на вашите факултети, на вашата пратеничка група, со студентите што работите. Повелете, за тоа нема никакви дилеми. Меѓутоа, да наметнуваме сега една состојба, една стратегија дека парламентарната група на СДСМ, која има неверојатно кадровски потенцијал кои во овие 6 до 6,5 години ја донесе оваа држава во оваа состојба која е и сега сакате да направите одредени внатрешни групации кои ќе треба да ја изнесат во јавноста следнава работа.

Од метод на партија која се идентификува со власта, партија држава, сега да наметнете една состојба која треба да се идентификува со народот. Такви предиспозиции немате. Јас ви препорачувам тој ваш тим да го тргнете настрана затоа што нема да има резултати. Нема резултати, немате предиспозиции за таква состојба, затоа што тоа е состојба на спиритуалност. Вие ја немате...

(Аплауз од пратениците на позицијата)

Значи, најколегијално би препорачал таа ваша екипа од тој метод, од таа стратегија да се откажете.

Втора работа, во претходниот мандат беше започнат антикорупциски закон, на кој треба да работи оваа Влада по нив. На мое длабоко жалење јас дадов изјава уште пред многу месеци во неколку наврати како треба да се постави сето тоа во однос на став, на поддршка, критериуми на размислување, прифаќање итн. Во однос на тоа немаше никаква спорност ниту тогаш ниту сега. Меѓутоа ја жалам што ниеден медиум тогаш не објави кога дадов три-четири изјави во својство на портпарол на партијата ВМРО-ДПМНЕ дека доколку тој закон тогаш се донесе, тогаш партијата на власт ќе мора да се разведува себе си. Значи, кога разговарате за прашањето на мито, корупција, криминал тогаш треба да се преиспитаат работите.

Имајте трпение малку, дадете шанса на намерите на новата Влада нека ги постави работите, па ако треба не 26 министри, 36 нека има, тоа е концептот со кој треба да се спроведат нештата.

И, тврдењето дека тоа подразбира оптоварување на буџетот, јас се согласувам со вас дека во извесна смисла тоа и тоа значи...

(реагирање на пратеникот Љубомир Поповски - говорникот да зборува за темата што е на дневен ред)

Ако тоа значи, тоа што треба да го врати целиот процес на преиспитувањето на постапките што можат да ве донесат и до оваа ситуација, за постапките на конкретниот случај. Дали митото, корупцијата и криминалот за вас се само конкретна работа на отпечатена вредност или е прашање на нешто за што јавноста многу добро го изнесе својот став, својот критериум и својата определба. Тоа го покажаа изборите.

Јавноста во Македонија го покажа следново. Дека сака да се промени комплет моменталната структура. Покажа дека сака да се промени личната и политичката култура на однесување и на општење, да влезе во сосема други процеси, а не овие состојби да се употребуваат во дневнополитички потреби.

Друга работа што е произлезена директно од нејзе, ВМРО-ДПМНЕ е партија која имаше свој јасен став во однос на овој случај од самиот почеток. И можеби ова е единствениот пример во работата на македонскиот парламент каде што европските институции кои се компетентни да дадат свои ставови, свои размислувања, свои сугестии, тие не решаваат дефинитивно, после еден подолг период го изнесоа мислењето и ставот што го имаше ВМРО-ДПМНЕ. Некои ќе го смета тоа дека е, за жал на некои личности или

партии, за среќа. Се состануваат нештата, можеби првпат во овој парламент европските институции да потврдат конкретен став на партија по одредено прашање. Ние против тоа не можеме ништо. Тоа е точно дека тие не решаваат никакви дефинитивни работи во донос на интересите на оваа држава, меѓутоа, од оваа говорница да се соопштува таков вид на сомневања кон ставовите и кон размислувањата на европските компетентни интституции во однос на ставови и сугестии, како што се соочуваат од претходната власт. Тоа е во најмала рака несериозност во однос на лично преиспитување со што досега ја залажувале и македонската јавност во однос на стратегијата на постојани раздори и атаминисувања партиски, лични, верски, меѓунационални, мислам дека натаму не треба да се продолжува.

Споменувањата во два наврати во име на осудениците само се продолжува методот на гладијаторство. Ние таа состојба ја имавме во многу наврати во време на кампањата да ја елаборираме и во некои наврати тоа го направивме. Да се спомнуваат гласовите неслушнати од осудениците, јас велам осуденици, некои од вас рече затвореници, мислам дека има голема разлика и ќе мора да се соочите со тие терминолошки вредности на нештата, да ги преиспитате и да почнете да употребувате нови, смислено зборовите. Наслушнатите зборови дека тие се против нештата за кои расправа Парламентот, станува збор за погрешни чекори на споментата конструктивност во Парламентот и типот на плагијатарството што беше толку многу употребувано и во кампањата.

Значи едноставно човек да слуша од оваа говорница од опозицијата, ја забележувам дека убаво е чувството веројатно на опозиција, мислам дека и ние го дадовме својот придонес во сето тоа, милина човек да слуша како е таа етичка загриженост и добронамерност кон сите овие прашања од Ваша страна. Тоа нас не радува и тоа е во контекст на толку споменатата теза од страна на ВМРО-ДПМНЕ има право да си дозволам од име на нашата партија, коалиционите партнери можат да се изјаснат дека длабоко пред да почне изборната кампања во многу наврати во својство на портпарол на ВМРО-ДПМНЕ морав да соопштам дека овие избори, подготовките за изборите и целата кампања има меѓу другото едукативна смисла. Едукативна смисла токму за социјал-демократскиот сојуз. Јас се оградувам, можеби не за сите едукативна смисла. Мене ме радува лично што еве гледам едни морализаторски аспекти за сите овие прашања, меѓутоа би ве замолил да ја гледате малку и хуманата димензија бидејќи светот се расправа многу сериозно со државите кои имаат голем отпор кон амнестијата.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Слушајќи ги вашите дискусии, човек кој може да се обиде да се дистанцира и изолира од партиската припадност, може да добие впечаток во некои од вашите дискусии дека не само што сте против амнестијата, туку дека за еден случај сте спремни да дадете три пати смртна казна. Значи, овој Парламент е задолжен за тоа да ги донесува законите, да внимава да ги спроведува законите, да се труди да учествува во сета таа постапка да се спроведуваат законите, меѓутоа, никогаш да не ги изгуби од предвид хуманистичките аспекти. Јас во вашата дискусија, се извинувам, но тоа не го забележав.

Беа споменати и некои други прашања. Што значи сето ова? Дали доколку не беа неколкуте имиња, кои влегуваат во целото ова прашање, во целата оваа содржина по оваа точка, ќе разговаравме на ваков начин? Јас мислам дека не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Немаше закон да има.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете, овој Парламент работи еден месец, а вие работевте шест години и мислам дека можевте да донесете закони. Станува збор за следното.

Се поставува прашање односно смислата на дискусиите беше што би се случувало со безбедноста на оваа држава, доколку овие работи вака се посл?ават со еден ваков аспект, повторно би рекол со димензија хуманистичка. Станува збор за некои процентуални односи во сето тоа, збор за надеж. Не станува збор за постапката на едно кривично дело која треба да го однесе соодветниот човек на местото на кое што е. Станува

збор за нешто одкога ќе појде таму, дали треба да му се даде нему надеж. Од пет години затвор, 20% е една година.

Станува збор за надеж, господо. Втората работа, на поединечни случаи станува збор за можност. Можноста подразбира и избор во натамошниот живот. Тие две работи треба да се имаат предвид затоа што сите ние ќе останеме и натаму да живееме во оваа држава и било каде да појдеме во светот, ќе останеме со мислите во оваа држава. Ние можеби и поантаму ќе продолжиме и сега со меѓусебните расправии, меѓутоа, играњето на картата од партија на власт во партија на народ со ваквите поставувања на таа пирамида, сите тие агли ќе доживеат таква трансформација што ќе се вратат против вас.

И уште една работа. Беше речено дека не може Европа да е позаинтересирана од вистинските прашања и интереси за самите нас, за смата Македонија од самите нас. Па, добро, во некоја смисла тоа е точно. Меѓутоа, треба да се потсетите да се вратите назад на вашите почетоци или почетоците на сите овие политички партии и личностите кои учествувале во тоа дека самите вие тврдевте - ние сме ветени за Југославија. Никој тоа не го тврдеше. Во таа ветеност димензиите на Европа се сосема поинакви и вам ви се сосема јасни, вие учествувавте шест години во тие релации. Така што преиспитувањето за тие контексти треба да биде сепак пореално.

Би завршил со тоа што би потсетил уште еднаш, методот на трансформирање од партија на власт во изигрување партија во народ, во овој вид на содржини не може да успее и би ве замолил да имате разбирање во вакви точки на дневен ред, ако не учествуваме соодветно на вашето истапување на говорниците, да имате за тоа разбираше.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Пауновски.

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Можеби на прв поглед ова е конфликтен закон кој треба да го усвоиме или одбиеме, зависи од која страна како го гледаме. Меѓутоа, некои од колегите пратеници на СДСМ го предупредија претходниот говорник да се врати на темата. Токму сега сакам да говорам за темата што е помилуваше, што е амнестија.

Јасно ми е дека овие два поими со дискусиите на одредени пратеници кои говореа дали ќе треба да спомeнеме Уставниот суд да се плаши да донесе одлука со која ќе го укине или ќе прогласи за ништовен еден закон, дали судијата кој ќе суди ќе треба да се плаши да не и се прифати одлуката, дали оној кој ќе води постапка да се плаши Парламентот да не му ја прогласи за незаконита.

Господа пратеници, двата овие институти, и помилување и амнестија, не се последица на сакање или одобрување или неодобрување на постапка на овие органи. Тоа се институти на милост на шефот на државата и во конкретниот случај на Парламентот. Кога се говори како милост, значи не се навлегува во содржината на одлуките што се донесени. Не се навлегува во исправност на органите кои ја воделе постапката, не се навлегува во делување на судовите кои ја одредиле казната, откако претходно ја утврдиле вината. Што значи сето ова е законито спроведено и дошло до форма на милост на одреден суверен или тело во државата. Суверенот, да го употребам овој термин, тоа е шефот на државата, под тој термин не треба да сфатиме апсолутно суверено кралство или царство, туку тој кој има право поединечниот акт на помилување да го даде. Тоа е господинот Киро Глигоров, кој има право на помилување. Другиот дел од

милоста ја изрекува односно преку закон, да донесе овој Парламент. Треба да разговараме дали овој Парламент ќе има доблест на некои луѓе кои го прекршиле законот, за кои е утврдено противзаконито дејствие, на кои им се одредени казни, ќе треба тие казни да ги извршува, до крај да им се намали извршувањето или да им се опрости извршувањето. Ако имаме ваква доблест и разбирање, затоа што овие два институти имаат право и содржина, тогаш нема да говориме за некое национално предавство или интерес да ги навредиме органите кои ја воделе постапката.

Господа, правото на милост зошто доаѓа? Во одреден политички момент оној кој го има тоа право за себе резервирано и му е дадено со закон да оцени дали политичкиот амбиент ќе придонесе некои работи да се релаксираат во општеството или не. Предлагачот, јас така сум го сфатил, во овој момент одлучил на некои луѓе да им даде милост. Господа, видете, мене ми боде очи зошто ставот 4 за осудените лица за оружје, дрога, која е голема опасност - јас мислам дека предлагачот на овој текст веројатно се водел од јавашлукот кој бил во органите на прогон. Замислете на еден министер да му снема 28 кгр. кокаин, па сега оние кои го растуриле, го продале по државата, да ги бараме тие несреќници, наместо да им пружиме помош да ги лечиме, сега да ги критикуваме дека се опасност за општеството. Не, тие се опасност самите за себе. Продавачите да, само ако бараме кои се продавачи, тогаш проблемот води кон изворот. Ова е начин на кој размислувам јас и нудам да го прифатите овој акт на милост кон овие осудени лица.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојановски.

Дали уште некој бара збор во општиот претрес?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Морам да се заблагодарам на некои од последниве говорници заради тоа што создадоа каква - таква атмосфера на дискусија и дебата во Собранието. Инаку, навистина на последниве неколку седници јас лично како пратеник бев во дилема од каде да ја најдам понекогаш потребната инспирација и за дискусија, поттикот за дискусија, поттикот за дебатирање, бидејќи она што беше на другата страна условно речено, бидејќи овде таа друга страна често се користи, беше молчење, премолчување, неодговарање на некои од поставените прашања на оваа говорница и евидентно резултирање во само подигнати два прста.

Сега овде чуеме еден обид да се аргументира или да се образложи зошто отсуствува дискусија. Меѓутоа, мислам дека обидот не е нималку успешен, бидејќи, претпоставувам дека на секој од нас му е јасно или така претпоставував пред да дојдам во овој законодавен дом, дека нашата обврска не е само да ги спроведеме и реализираме партиските ставови во вид на гласање за одредени закони или одлуки, туку да учествуваме како пратеници кои имаат и сопствена мисла, кои имаат сопствени аргументи, кои имаат некоја сопствена политика и концепт кои треба да ги реализираат. Мегутоа, велам, од една страна неинспиративно делуваше тоа отсуство на дебата во ова Собрание, сега слушнавме повторно најави дека тоа и ќе продолжи, за жал, како и фактот дека не е потребно да се биде Нострадамус за да се предвиди кој ќе биде резултатот на гласањето. Значи, и како пратеник и како пратеничка група јасно ми беше дека овој закон очигледно на крајот ќе заврши на тој начин што ќе биде изгласан од ова парламентарно мнозинство, без оглед на фактот што овде беа поставени многу сериозаи прашања и многу сериозни дилеми. На ниту една од тие дилеми и на ниту едно од тие прашања денес не чувме одговор. Напротив, чувме споредби кои навистина го симнуваат дигнитетот на овој законодавен дом и на оваа врвна државна институција под секое ниво. За жал, не чувме коментар или ограда

од претседавачот, претседателот на Собранието, пардон, а кој што сметам, во основа, не само што го симнуваат угледот на Собранието, туку го симнуваат и угледот на државата, и на граѓаните кои гласаа ние да бидеме овде во овие собраниски клупи. Меѓутоа, очигледно е дека некои од пратениците во овој дом не ја почитуваат ниту оваа држава, ниту со нејзиното собрание, ниту нејзините граѓани, што не ги амнестира, и покрај тоа што денес зборуваме за амнестија и така лесно го користиме и зборот и лесно ги користиме овие инструменти на предложениот закон.

На оваа говорница, за несреќа, наместо овие одговори, наместо дискусија околу поставените дилеми чувме едно пледоаје за Социјал-демократскиот сојуз. Ви благодарам за грижата, ви благодатрам за вниманието. Се зборуваше тука за мито и корупција, а не се зборуваше за криминал, а не се зборуваше за тоа дека со овој закон оние лица кои се осудени за криминал се ослободуваат. Тоа не го чувме од говорницата.

Се спомна и дека треба да бидеме навистина милостиви мислам

дека тоа беше зборот кој често се користеше и дека треба да доминира оваа хуманистичка нота. Можеби дискусијата ќе требаше да ја водиме во оваа насока, доколку овој закон не беше евидентно насочен кон тоа да се ослободат некои лица, а останатите осудени лица и нивното намалување на казните само да претставуваат убава фина обланда во која ќе се спакува тоа дека целта на овој закон е за да се исполни партискиот, односно меѓупартискиот договор. И мислам дека и нам ќе ни беше малку полесна работата, верувам дека и оваа дискусија ќе беше многу поконкретизирана, многу поконкретна, доколку предлагачот се решеше да оди јасно и чисто на тоа прашање или на тој проблем, а тоа е што да се прави со осудените лица сторители на кривични дела, предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, неизвршување судска одлука и организирање на отпор. Четирите личности за кои постоеше широка дебата во Република Македонија, за која се дискутираше и пред и за време на изборите. Доколку таков беше случајот, можеби, велам, ќе беше поедноставна дискусијата. Меѓутоа, овде чувме на неко] начин искривување на намерата или пренасочување на целата дискусија и обид да се оправда со споменатата хуманистичка идеја. Прашашето кое овде остана да виси е дали, доколку сторителите на делата кои ги споменав, градоначалниците и претседавачите на советите на Тетово и Гостивар не требаа да бидат ослободени. Дали, до колку тоа ослободување не беше дел од меѓупартискиот договор, денес ќе имавме ваков закон. До колку предлагачот каже дека навистина тоа ќе беше така, можеби ќе влеземе веќе и во дискусијата за споменатата милост или споменатиот хуманизам.

Инаку, веќе кога сме кај хуманизмот и кај милоста, јас сосема случајно налетав на Кривичниот законик кој ми помогна при читањето на овој закон. Кривиганиот законик има и краток коментар, објаснувања, мене навистина ми беа од полза бидеј ќи не сум правник и бидејќи го разгледував токму по оваа точка на дневниот ред, најповеќе од се ми остави следното впечаток. Дека една квазилиберална опција тука цитирам, "една квазилиберална опција на толерирање и неспротивставување на определени облици на социјално штетни дејствија не значи ништо друго освен запоставување на заштитата на индивидуалните сшободи и права и заедничките функции на живот". Инаку, Кривичниот законик и краткиот коментар се напишани токму од предлагачот на овој закон и токму проади тоа во дискусијата или во анализата дали оваа милост и дали овој хуманистички закон е потребен за Македонија, би влегла многу посериозно, многу почувствително, загрижена за тоа дали сме успеале како Собрание на Република Македонија да ја најдеме вистинската мерка, бидејќи таа вистинска мерка е спомната од законодавецот односно пишувачот на овој закон.

Би сакала и членовите на Собранието, би сакала дури и предлагачот да не насочи или можеби да даде одредени гаранции, одредени сугестии околу тоа која била вистинската причина за овој закон. Според она како јас го читав тој закон, законот се состои во ослободување на оние личности кои се инаку членови на една од партиите на владината

коалиција и кои како влог во зделката за меѓупартиски договор беа споменувани од самиот почеток. Останатото го гледам како нешто што се појавило како алиби или кое што треба да се искористи за алиби. Како алиби го гледам исто така и споменувањето на одлуките или резолуциите на некои од меѓународните институции. Имено, веќе беше споменато, а мислам дека тоа беше дадено и во обраќањето на предлагачот на овој закон, дека овие мегународни институции излегле со вакви резолуции, излегле со вакви документи некаде при крајот на оваа година. Меѓутоа, ќе дозволите дека приказната со целиот овој проблем почна многу порано и дека многу порано од актуелниот премиер на Владата на Република Македонија чувме дека се работи за политички затвореници, дека се работи за политички монтирани процеси итн. И јас не верувам дека овој закон е резултат на таквите резолуции на меѓународните институции, меѓутоа, верувам дека дел од причините поради кои овие меѓународни заедници дошле до вакви резолуции или леснотијата со која ги усвоија ваквите резолуции лежи во фактот што актуелниот премиер на Владата на оваа држава излезе и кажа дека овие лица, значи со име и презиме, со конкретни функции при осудата, се политички затвореници според негово мислење и се дел од политички монтирани процеси. Токму поради тоа, сметам дека сета оваа дискусија е многу сериозна, сметам дека и покрај резултатите на гласањето ние имаме одговорност да влеземе во неа. На крајот би сакала да се оградам од дел од искажувањата кои во текот на денешната седница, а и претходната, продолжението на Третата седница провејуваа, а тоа се ставовите дека граѓаните го дадоа својот глас и дека сега веќе ние ништо друго не треба да правиме освен да дигаме два прста и да ги аминуваме сите одлуки кои доаѓаат од страна на извршната власт. Доколку не кој така навистина мисли или доколку некој така навистина се чувствува, јас би предложила да поднесе оставка или да предложи ова Собрание да се распушти, бидејќи не гледам која би била поентата на Собранието кое би дигало рака. За дигаше рака мислам дека во оваа држава ќе се најдат многу луѓе кои би било попогодно и пополезно да бидат овде.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Значи на крај да заклучам дека законот е со несомнена политичка позадина, со несомнено политичка содржина меѓутоа, дека ќе има сериозни и правни и поинакви импликации врз Република Македонија врз стабилноста на правниот и политичкиот и на општествениот систем, токму поради тоа и покрај тоа што верувам нема да се изненадите дека ќе гласам против законот и навистина апелирам и за поголема сериозност и за поголема дебата, а не два дена пред Нова година по едно вака сериозно прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Шеќеринска заради чуствата и

особено за сугестиите како треба да се однесува Парламентот и парламентарците, жалам што тие сеуште недораснале до тоа ниво евентуално да го задоволат нејзиниот вкус, но веројатно ќе се поправиме, ќе направиме исправки во нашето однесување, затоа што се однесуваше и на мене лично.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го поздравувам предлогот на Министерството за правда и на Владата за донесување на закон кој предвидува ослободување на политичките затвореници во Македонија.

Ова е еден многу позитивен чекор и многу значаен за Република Македонија кој се презема во овие мигови. Ослободувањето на овие затвореници Ке се оцени позитивно кај сите граѓани и секако што е многу значајно и од меѓународниот фактор, ова ја искажува добрата волја на нашиот коалиционен партнер, кој навистина се определи за големи и вистински промени во многу сегменти на општествениот живот, опфаќајќи ги овде и меѓунационалните односи. Сега се чуствува кај Албанците, а верувам и кај Македонците и останатите создавање на една поволна клима за вистинска коабитација на сите национални заедници кои живеат во Македонија. Евидентно се чуствува борбата во актуелната влада, појава која понапред не сме ја имале. Бидете сигурни ако се продолжи по овој пат на развој на работите и конципирање на проблемите, кои бараат правилно решение, Македонија многу брзо ќе биде една од земјите со приоритет, не само за апсорбирање на странскиот капитал, кој секако е многу потребе во

сегашниот момент, но и за побрза интеграција во разните меѓународни институции, како што се НАТО, Европската заедница и тн.

Почитувани пратеници, мене навистина ми е жал кога претставниците на опозицијата слушам вакви дискусии и образложувања кои се во спротивност со заложбите за донесување на овој закон. Јас ја разбирам опозицијата, поготово СДСМ дека со своите спротивставувања за донесување на овој закон, сака да ги оправда постапките што ги направи, кои доведоа до ситуации, после кој следеа и апсења на челниците на општините Тетово и Гостивар. Зошто настанаа овие апсења денеска на сите нам ни е јасно не би сакал по кој знае кој пат да елаборирам за ова, затоа што многу пати затоа што и пред претставниците од внатрешни и надворешни фактори сме се произнеле. Една работа треба да ни биде јасна на сите дека сигурно овие апсења беа едни од најголемите срамоти кои на државата им донесоа многу тешки последици од аспект на демократијата и станавме држава пред која се дискутираше пред многу европски институции во негативна конотација. На нас Албанците ни беше многу јасно зошто претходната влада која ја водеше СДСМ презеде вакви чекори. Таа секогаш се обидуваше со зголемување на тензиите меѓу албанците и македонците, да добие политички поени кај својот електорат. Секогаш се обидуваше лажно пред меѓународниот фактор Албанците да ги претстави како дестабилизатори на мирот на овој дел на Балканот кој како такви треба да се дисциплинираат преку казнени мерки кои ги применуваше поранешната влада. Вака не беа вклучени настаните на Бит Пазар, во Мала Речица, во Гостивар и Тетово и многу други настани каде што во најголем дел тешките последици ги почуствуваа Албанците.

Убеден сум дека оваа владина коалиција еднаш засекогаш на сите овие афери и монтирани политички процеси ќе им стави крај и нема да дозволи вакви појави да се повторуваат. Нема да дозволиме да добиеме политички поени по начинот кој го практикуваше СДСМ која сакаше да го привлече вниманието на граѓаните од вистинските проблеми на државата, затоа што сакаше да го привлече вниманието од вистинските проблеми на државата како што се социјалата, корупцијата, пирамидалното штедење на граѓаните и другите афери, секогаш во игра ги уфрлуваше Албанците и вешто си измислуваше ситуации, каде што однапред се знаеше виновникот. Ние максимално ќе се ангажираме меѓиетничките односи да се подобрат, градејќи мостови на зближување, секаде и секогаш. Ова е единствениот праведен пат за заеднички живот во Македонија и за самата актуелна влада, која од ден на ден се пвеќе дава позитивни примери во оваа насока, секако опфаќајќи го и денешниот закон за амнестија.

Еден ваков курс на Владата има јака поддршка, не само кај граѓаните на Република Македонија, но и од разни меѓународни и светски институции. Сега веќе на сите ни е јасно дека сето она што беше упорно пласирано од страна на СДСМ дека ДПА и ВМРО-ДПМНЕ се фактори на дестабилизација на државата и регионот се невистини, злонамерни дезинформации и тенденциозни, се со цел овие две политички сили се прикажат како неспособни за организирање на Владата и водење на државата. Од ден на ден зајакнува мнението дека од сега па натаму овие политички сили кои ја водат државата ќе направат се за стабилноста на државата, давајќи им предимство на решавањето на проблемите од меѓунационалните односи, сузбивање на корупцијата, решавањето на невработеноста, подобрување на стандардот и решавањето на социјалните проблеми. Поаѓајќи од сето ова, напред изнесено мислам дека гласањето на предложениот закон е во согласност со овие праведни, хумани и граѓански заложби. Ова претставува уште еден импулс за прашање на довербата кон институциите и граѓаните на оваа Држава и само вака се создаваат услови за решавање на другите проблеми, кои исто така имаат посебна важност за нас и државата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата, дозволете ми по министерот за правда, кој јас ја изразив желбате и волјата на Владата на Република Македонија за овој закон за амнестија уште еднаш да ја потврдам цврстата волја на Владата на Република Македонија за донесување на овој закон за амнестија во Република Македонија.

Причините за донесувањето на овој закон се многу, јас ќе се обидам да се задржам на некои.

Прво, знаеме дека политичка волја и политичка одлука на една Влада, кога се менува систем, или

кога се менува власт, да го отпочне своето владеење со еден добар дух, со еден добар имиџ. Тоа не е само пример од поновата историја во цела Европа или во цел свет, туку знаеме дека е тоа пример и во минатото, во историјата, дури кога со државите владееле султани и кралеви. Познато ни е по младотурската револуција е јасно во свеста на секој граѓанин на Република Македонија. Во таа насока, политичката амнестија односно Законот за амнестија кој го нуди Владата е закон со кој сакаме на одреден начин да ја покажеме новата волја на демократскиот дух на Владата на Република Македонија.

Овој закон со својата одлука опфаќа 800 затвореници во Република Македонија, од кои некои ќе бидат ослободени сто посто, а оние најригорозните случаи само 10%. Значи, Законот за амнестија се однесува за секој еден затвореник кој е во Република Македонија. Сметаме дека нема подобар повод за еден ваков закон за амнестија, кога имаме нова Влада во Република Македонија и пред Нова Година кога секогаш на таквите закони им е ред да бидат донесени. Тоа е првата димензија на оваа наша волја да го донесеме овој закон.

Вториот момент на кој се задржаа повеќе од говорниците на опозицијата е моментот на неколкуте случаи на затвореници, односно градоначалници кои ќе бидат 100% ослободени со овој закон за амнестија.

Прво, дискусијата дали се тие политички затвореници, или не се политички затвореници. Ние внатре во Македонија можеме многу да се натпреваруваме во нашите дискусии дали се политички затвореници или не се политички затвореници, меѓутоа јас можам слободно да ви кажам дека целата мегународна комуникација кога зборува и сите дипломатии вклучувајќи го посебно разговорот со амбасадорот на ОБСЕ пред неколку часа, сите зборуваат за тие луѓе како политички затвореници во Република Македонија. Нешто што ни го остави во наследство старата власт, оваа Влада нема намера да го влече во наредните четири или осум години. Ние сакаме веднаш во старт да кажеме дека во Македонија нема политички затвореници. Повторно нашите дискусии дали се тие или не се, ќе ги оставиме настрана. За меѓународната заедница тие луѓе се политички затвореници. Ние тогаш можеме да дискутираме колку што сакаме и можеме да им даваме објаснување колку што сакаме, меѓутоа, тие во нивната терминологија не третираат на тој начин. Токму заради тоа, оваа Влада нема намера во идните четири години во својата држава да дозволи некој да доаѓа од страна или да и праќа декларации во кои ќе и кажува се е добро, меѓутоа вие имате политички затвореници во вашата држава.

Вториот момент кој сметам можеби е поважен од тоа што смета меѓународнатал заедница за нас, е моментот на ситуацијата на чекорот на конкретниот чекор со кој ние влегуваме во градењето на меѓуетничката хармонизација во Република Македонија.

Имено, досегашната власт на Република Македонија, предводена од СДСМ, градеше свој модел на меѓуетничка толеранција и ние тој модел сме го критикувале, тој давал резултати повеќе или помалку. Дозволете ми и ние со новата Влада на Република Македонија да отвориме еден нов простор, да покажеме на кој начин сметаме дека меѓуетничката толеранција, меѓуетничката хармонизација во Република Македонија можеме да ја градиме.

Имено, јас ќе ве потсетам, дека во овие осум години наназад немаше подрастичен чин на момент на една точка, кога пукна меѓуетничката толеранција во Република Македонија од чинот и настаните во Гостивар. Едноставно тогаш Република Македонија, покрај постојаната тензија беше доведена прв пат во ситуација на едно комплетно разочарување и да се декларира дека во Македонија е неможното живеење посебно на македонците и албанците во една иста држава.

Во таа насока ако тоа беше чинот кога таа меѓуетничка нетолеранција беше на својот врв, јас ве уверувам дека со овој закон кој денеска ние го донесуваме отвораме еден огромен простор каде што Република Македонија ќе ја донесеме до еден друг врв. Врв од кој започнува градењето на еден нов тип на доверба на меѓуетничко ниво во Република Македонија, стил на новата Влада на Република Македонија. Колку ќе успееме во тие наши амбиции, тоа времето ќе го покаже, меѓутоа, важно ние почнуваме со еден чекор кој секој кој е добронамерен не може да не го забележи и од надвор и внатре во Република Македонија.

Пред неколку недели во едно интервју реков, во моментот кога граѓаните на Република Македонија видоа дека во една Влада можат да седат да работат припадници на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА се

создаде една огромна релаксација во меѓуетничкиот живот во Република Македонија и меѓуетничката напнатост. Денес после неколку недели можам слободно да кажам дека имам чувство после овој закон за амнестија во Република Македонија тоа процес на една максимална меѓуетничка релаксација. Не само што ќе биде подложен туку и граѓаните ќе живеат со тој дух .

Во таа насока сметам дека новата влада, новата владина коалиција подржана од партии кои исто така ќе гласаат за овој закон, кои можеби не се директни учесници во новата Влада, меѓутоа гледа добронамерно на овој закон, го отвора тој нов простор на градење на таа заедничка меѓусебна доверба. Со две личности, двајца затвореници, кои ќе бидат и понатаму во затворот, ве уверувам дека не решаваме ниту еден проблем во Република Македонија на тој меѓуетнички план. Едноставно, само расте недовербата и само продолжува имиџот на Република Македонија кој може секој да дојде и да ни одржи лекција дека имаме таков и таков тип на затвореници во Република Македонија. Ниеден случај во ниеден свет не се решил со поединични случаеви, ниту пак со казна на тие поединечни случаи.

Токму заради тоа ние сметаме дека со ослободувањето на личностите кои беа спомнати овде, ние отвораме една голема врата за меѓуетничката толеранција во Република Македонија, хармонизација на внатрешниот живот во Република Македонија и сметаљм дека политичките партии кои ќе се приближат на тој дух ќе бидат внесени во процесот кој верувам дека ќе трае отсега во Република Македонија.

Нормално, некои политички партии како што гледаме имаат право да се спротистават на тој дух, мегутоа, јас сметам дека тие во многу што ќе загубат од некои досегашни принципи, за кои се залагале и за кои се бореле, а верувам дека и не е баш некој добар имиџ кој можат да го понудат пред меѓународната заедница за својата иднина како опозиција во Република Македонија. Меѓутоа, ставот за амнестија на затворениците во Република Македонија е јасна политичка волја на оваа влада и ние не се поместуваме од таа политичка волја. Нормално, јас сакам само да се задржам дека не треба целиот случај да се сведе само на двајца или на тројца луѓе, затоа што повторно реков, овој закон се однесува на 800 затвореници во Република Македонија и тие 800 затвореници имаат право да го почувствуваат новиот добар дух на новата влада на Република Македонија. Повторно тука може да се постави прашањето дали останатите затвореници заслужуваат да бидат по неколку проценти или делумно зафатени со овој закон. Каде ја гледаме логиката, овој закон за амнестија да важи за сите затвореници. Токму во моментот што досега во РМ егзистираше систем со кој, неможеме многу да се пофалиме дека правната држава беше на дело. Едноставно правната држава беше и многу често наликуваше како на швајцарско сирење со многу дупки. Примерите за тоа ги имаме секојдневно. Една серија на класични убијци кои не ја заслужија казната во затворите на Република Македонија, а гледаме беа свесно и организирано ослободувани од претходната власт и пуштени да заминуваат далеку во странство. Една серија на луѓе кои беа вклучени во организираниот криминал. Една серија на луѓе кои беа вклучени со трговијата на дрога. Впрочем, ние можеме тука да зборуваме теоретски колку некој од затвореници кои заслужуваат ригорозна казна, заслужуваат да бидат помилувани, односно амнестиран; делумно со овој закон. Меѓутоа, тоа се сепак луѓе кои се во затворите.

Треба ли да зборуваме за 27 килограми хероин, кој е украден од самото МВР. Значи виновниците се тука. На високите функции во РМ и за нив овој закон за амнестија нема да важи. Затоа што никој не ги фатил во Република Македонија затоа што тие слободно тогаш работеле и функционираат на високи функции во разни министерства на РМ и најверојатно нема да ги фатиме никогаш. Точно 27 кгр.хероин ги нема од Министерството за внатрешни работи.

Оттука ние можеме навистина да дадеме многу аргументи против овој закон за амнестија, меѓутоа, имаме и многу за, а сигурно дека овој закон за амнестија, како што и секој закон за амнестија во било која држава и во актуелниот миг и во историјата е многу јасен. Тоа е волјата на новата власт да почне со добар чин во државата. Како понатаму ќе се однесуваат луѓето на кои се однесува овој закон, тоа е веќе сосема друга приказна и за неа ќе зборуваме, ако тие повторно се доведат во ситуација на еден или на друг начин да се борат против законот. Ова е добриот дух на новата Влада, добрата волја на новата Влада, со која сметаме дека и меѓуетничката толеранција и меѓуетничката хармонизација ќе ја дигнеме на едно многу

повисоко ниво, отколку што таа била досега.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Градењето на доверба го отпочнавме, тоа продолжува и тоа градење на доверба сметам дека ќе биде подобро ако сите ние заеднички се вклучиме и учествуваме во нив. Оваа Влада влегува во тој процес и оној кој што ќе го поддржи тој процес ке биде добредојде, оној кој не сака да го поддржи тој процес едноставно ќе го сослушаме и ќе продолжиме со нашата работа понатаму. - Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љупчо Георгиевски.

Дали уште некој друг бара збор по општиот претес?

За збор се јави г-динот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, од фактот што самиот претседател на Валдата на РМ најде за сходно да земе збор и да даде аргументи со кои што ќе го поткрепи донесуваето на овој Закон за амнестија, можеме самите да заклучиме каков огромен значај, очигледно, Владата на РМ дава на овој законски акт и се разбира на консеквенциите што од тој законски акт треба да произлезат.

Притоа, на самиот почеток би сакал да му се заблагодарам на г-динот премиер за многу поголемата искреност во образложенијата и аргументите што ги даде во врска со овој Закон, отколку што тоа го направи неговиот ресорен минситер при воведното образложение, бидејки конечно од првиот човек на Владата усепавме да разбереме дека не е повод ниту 50-годишнината од Декларацијата за човекови права на Обеди-нетите Нации, ниту заклучите на комитетите за човекови права или некои други меѓународни оргаџизации и институции, туку е основниот мотив за донесување на овој Закон огромната, силната, цврстата политичка волја на Новата Влада на РМ со која што сака да се демонстрира дека дошло до промена на системот во РМ, до промена на власта. По аналогијата што можеше да се слушне, се случувало многупати во Историјата, ја практикувале султани, ја практикувале цареви и кралеви тогаш кога нешто радикално се менувало во една држава, а се со цел да се покаже дека новата власт, новиот систем во однос на оној претходниот, кој што до тој момент функционирал е по хуман, по добар и има многу поинакви ставови по битни и политички прашања од новата актуелна власт.

Прво, мислам дека таквата споредба не соодветствува, бидејки во овој момент во РМ важи и функционира истиот Устав, како што важеше и пред изборите во 1998 година. Важат истите закони, освен овие три што ги донесовме денеска по итна постапка, а тоа е за времено финансирање, за акцизи, за органите на управата итн. кои што важеа и пред парламентарните избори 1998 година и она што е многу битно во врска со конкретната тема за која што денеска разговараме важи истиот кривичен законик или кривичен закон во РМ кој што функционираше и важеше и пред парлаемнтарните избори 1998 година.

Оттука, да се извлече заклучок или спопредба дека треба да се демонстрира радикална промена на ситемот во РМ, мислам дека не се потпира врз ниту еден правен акт, почнувајки од Уставот на РМ, па низ целата законска регулатива, која што токму врз основа на тој Устав и се потпира. Ние слушаме најави овие денови дека нвоата власт има намери од итно, наприемр, веќе после Нова Година ќе почне со проемни на Уставот на РМ. Дека има намера да внесува радикални промени во битните закони со кои што се уредуваат односите во РМ и можеби ќе дојде до радикална промена на системот и уредувањето, меѓутоа, тоа допрва треба да се случи и тоа повтроно тоа допрва треба да се случи тоа повторно мора да се случи низ една процедура, која што на крајот на краиштата мора да заврши токму во Собранието на РМ. Тоа е едната работа.

Втората работа што по мое мислење е исто така многу битна е тоа дека ќе беше многу почесно и поискрено ако се кажеше дека нашата намера и задача и цврста и силна волја, како што беше спомнато овдека, се однесува на тоа дека за да ги зајакнеме меѓуетничките односи или да ги хармонизираме, или да ги стокмиме и тн, дека предлгаме амнестија по оние членови од Кривичниот законик на кои што се однесуваат пресудите изречени врз двајцата градоначалници од Тетово и Гостивар и двајцата претседавачи на Советот. Бидејки не гледам што е тоа што било кој друг осудениците, како што рече г-динот Онковски, а не затворениците како што рече г-динот премиер, дека може, без разлика дали се наркокриминал или тероризам или држење на недозволена трговија со оржје итн. да даде со амнестија по 10,15, 20 или 25% од неодлежаниот дел

од затвороската казна да даде свој придонес во јакенњето на меѓуетничките односи во РМ. Значи, ако говориме искрено се работи за една насочена, фокусирана мерка, која што, како што некои од дискутантите претходно од СДСМ рекоја, се поткрепува, се проширува, се пакира или се замачкува со тоа што се предлага една вкупна амнестија на стие 800 или не знам колку вкупно осуденици во Република Македонија. Ако е тоа намерата, ако се тоа мотивите чесно е, поштено е и искрено е така да се и презентира пред целата македонска јавност, па и пред Собранието на РМ. Притоа, прерано е да прејудицираме и да кажеме дали ваквиот пристап со Законот за амнестија, навистина, ке даде свој придонес кон хармонизирање на меѓуетничките односи во РМ. Или, времето можеби ќе покаже нешто сосема спротивно. Бидејќи, она што трреба, сепак, во оваа прилика да констатираме дека денес со овој Закон ние се занимаваме до последицата на нешто, а не со причината за нешто. Фактот што во РМ и сега, поготово после одлуката на Уставниот суд за укинување на неколку одредби од Законот за употребата на знамињата на националностите, имаме правен вакум во таа свера. Тоа значи дека ние изрекуваме амнестија за некој кривични дела, за кои што веке утре самите ние како Собрание или како Влада со непредлагање на закон што ќе ја регулира таа свера оставаме можност одредени лич-ности, носители на функции, градоначалници, советници или граѓани сакајќи или не, со намера или не повторно да прекршат  закон, да дојдат под удар на кривична санкција и да дојдеме во ситуација повторно во име на меѓуетничка толеранција и јакнење на меѓуетнички односи да донесуваме на секој месец или два закони за амнестија. Бидејќи постоајно ќе се судираме со истиот проблем.

Зошто,  таа добра, силна политичка волја на новата  Влада не се изрази низ тоа да се предложи закон со кој што ке се регулира една свера која што, очигледно, во овој момент претставува правен вакум, а тоа е употребата на знамињата на националностите во РМ. Претходната Влада предложи таков закон, Собранието го донесе. Уставниот суд на иницијативата токму на претставници на ВМРО -ДПМНЕ ги укина одредбите. Значи, ете, според Уставниот суд тој Закон престана да важи или најбитните одредби од тој закон престанаа да важат.  Меѓутоа, дали престана животот? Дали Владата чувствува потреба, новата Влада, да го регулира прашањето за да не ни се случува во иднина да мораме повторно да донесуваме закони за амнестии или да се прават меѓупартиски довори и пазари кој што пота ќе се правдаат, ќе се толкуват во јавноста дека е тоа израз на хуманост, на милост на државата итн. А, сега имаме ситуација токму на иницијатива на Владеачката партија, ако одлука на Уставиот суд да имаме законски нерегулирана свера каде што веке утре може да ни се случи повторно некој граганин или градоначалник, или претседавач на Совет да го закачи знамето да се покрене постапка и сега ке има избор мегу две варијанти во оваа држава. Или судовите односно службите за прогон ке се прават дека тоа не го виделе, или ако тие го видат, судовите ке се прават дека не знаат дека треба да пресудат, или ако тоа се направи до крај консенквентно, тогаш за еден или два месеци ќе имаме прилика во ова Собрание да гледаме повторно Закон за амнестија за некој нови прекршители и повторно на името на меѓуетничката толеранција, хуманост, милост итн. Тоа е многу битно прашање. Ние денеска се обидуваме да ја покажеме добрата волја со елиминирање на последица на нешто, а причината за тоа ја оставаме да тлее и понатаму. И, тоа по мое миселње, не е вистинскиот начин за надминување на некој ризични ситуации во сверата на меѓуетничките односи.

Следна работа, јас длабоко ја почитувам  и ја поздравувам волјата на новата власт и на новата Влада да даде свој придонес во хармонизирањето на меѓуетничките односи во РМ. Впрочем, правилно или не, успешно или не, меѓутоа, со искрена волја во изминативе шест години и ние тоа се обидувавме да го правиме, без разлика што цело време бевме изложени на пресија токму од оние кој што денеска имаат силна волја, добра волја, голема желба итн. Дека сме предавници на националните интереси итн. Мегутоа, принципот на меѓуетничка харнонизација е многу битен, значеан, мегутоа, не е единствен во оваа држава. Хармонизирањето на мегуетничктие односит треба да биде еден од првите приоритети, но не и единствен приоритет. Принципот на зачувување на уставниот поредок на територијалнит интегритет и суверенитет на РМ не е принцип со помала тежина или важност или значај од принципот на хармонични меѓуетнички односи. Што вреди идеално хармонички мегуетнички односи ако резултатот од тоа е нарушување на територјланиот интегритет и суверенитет на државата. Тие

работи секогаш мора да се гледат заедно во комплет значи, јакнење на меѓуетничката доверба, на меѓусебното почитување, јакнење на човековите права и слободи, вклучително и на етничките права, на малцинскtие права, мегутоа, не на начин што ке го нарушат уставниот поредок и територијалнит интегритет на РМ. Тие принципи треба да се имаат предвид кога се предлагаат некакви решенија и закони без разлика на која свера или област се работи.

И, конечно, точно е дека во јули 1997 година токму во Гостивар имавме една ситуација од висок интензитет, имавме инцидент, кој што на никого не му беше драго што се случи. Точно е и дека имаше жртви од тој инцидент, мегутоа, за волја на вистината треба да се каже дека полицијата во Гостивар отиде да интервенира за да ја споведе Одлуката на Уставниот суд. И, денес као дојде во ситуација на непочитување на судска одлука или на Уставен суд, прашањето и на тој на кое што тоа се однесува не сака да ја спроведе ве прашувам или еве јас гласно го поставувам прашањето кој е тој што треба да обезбеди спроведување на одлука на Устеавен суд. Значи, не заради Зконот за знамињата, како што беше овде спомнато. И, полицијата отиде и Одлуката на Уставниот суд ја спроведе. Знамињата беа симнати без инцидент ноќта или рано во утринските часови. Инцидентот настана другиот ден кога маса на луѓе се обиде да го пробие кордонот и да ги врати знамињата на Јарболите. Тоа, колку да се потсетиме на фактите. Меѓутоа, кога веке и од страна на премиерот тоа беше спомнато, тогаш да потсетам тоа не беше првиот инцидент од големи размери на меѓуетнички план во 1997 година. На тоа претходеше повекедневна тензија по улиците на истите градови низ РМ, а најмногу овде во Главниот град Скопје по повод законот за донесување на настава на албански јазик на Педагошкиот факултет. Што морате да признаете дека е, да речеме, многу помалку обемно прашање или со помала специфична тежина од она што е денес актуелно за новата власт, а тоа е целокупно универзитетско образование на мајчин јазик на јазиците на националностите во РМ и тогаш сите ние што сме во оваа сала и целата македонска јавност знае и кој беше иницијатор на тие демонстрации по улиците низ Македонија овде во Градот Скопје и кој беше да ги посети штрајкувачите со глад, кој што велеја дека тоа се деполитизирани, не стојат и не се членови на ниту една партија па дојдоа да ни говорат во Собранието на РМ дека се студенти загрижени за зачувување на Уставот. Универзитетски професори, исто така ги посетија во својство на ректор на универзиетот, на претседател на универзитетски сенат и им дадоа целосна поддршка и рекоа се надеваме дека судиите на Уставниот суд ке имаат доблест да пресудат чесно и поштено, односно да го укинат Законот за Педагошки факултет.

Јас разбирам кога велите ние ке запамтиме и ке провериме се што се случувало во изминатите години. И другите имаат меморија што се се случувало во овие 6 години. Не може да кажеме од денес ќе се секаваме само на она што и одговара на новата власт и на парламентарното мнозинство во Собранието на РМ. Сведоци се граганите на РМ за се што се случувало, сведоци ке бидат за се што ке се случува од сега натаму. Мене ми е сосема јасно. Ние тоа го кажавме. Вие имате парламентарно мнозинство. Очигледно е дека ако Владата го предложила Законот смета на тоа дека ке добие поддршка, Законот ке се донесе. Мегутоа тезата дека ние добивме повеќе гласови и поголема доверба на изборите во 1998 година и заради тоа нема што вие да ни зборувате, ние зборуваме во име на тие 280 илјади, помалку од вашите, мегутоа, 280 илјади гласови што ни ја дадоа на нас довербата на овие избори. Ке зборуваме во наредниов период сега како овој Парлемент во овој состав функционира. Тоа право ни припага токму од тој народ и од тие луге што ни ја дадоа таа доверба. Тоа е азбука, АВСДА на Парламентарната демократија. Ако не, како што рече пред малку Радмила, ајде да се распуштиме кога ке бидат следните избори пак да се собереме, па тогаш ке видиме како народот ке гласа. Мегутоа да ни се одзема правото да говориме, а тоа право не ни се дава ни по Деловник, односно не е изворно од Деловник или од некого милост, како што велите во Законот за амнестија, тоа право ни го дадоа тоа што гласаа за нас. И, ние во нивно име, заради нив имаме и право и обврска овдека да ги кажуваме нашите ставови.

На крајот демократската процедура е следна. Ке се гласа мнозинството одлучува и така ке се одлучи. Мегутоа, тоа право ке го користиме во секоја прилика кога сметаме дека тоа треба да го искажеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас мислам дека сте доаѓале на многу изложби каде што сме разменувале многу сериозни размислувањеа, така што го знаете моето презиме, а ако не го знаете ќе ве потсетам, така што ќе биде се во ред.

Што се однесува до, бидејки бев спомнат до оваа дискусија изврртувањето на работите мислам дека се недолични, па посебно ако се претставува една цела пратеничка група. Амнестија не значи укинување на законите според кои треба да се вршат постапките и процецедурата за

одредени кривични дела, како што вие ги споивте тие работи и особено вршењето на ефикасноста, на дејноста на МВР.

На МВР, со сите свои служби. Значи изврртувањето на тие работи оваа говорница, мислам дека е сериозна. И, оваа јавност повеке не може да ја залажуваме со такви изврртувања.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

Ова се прашања кои следуваат отпосле на нештата. Немаме ништо против Вие да имате поинакви размислувања. Тоа е Ваше право. Меѓутоа, изврртувањето, би Ве замолил да биде многу внимателно затоа што ќе споменам уште неколку примери.

Исто така беше споменато во повеќе наврати, а и сега нарушувањето на територијален интегритет во контекс на ова прашање. Јас би Ве замолил да приложите факти. Ако е така многу сериозно ќе ги прифатиме Вашите аргументи и ќе ги разгледаме. Ако е загрозен територијалниот интегритет на оваа држава значи втора несериозност. Бидете сериозни, поставете ги тие аргументи тука и ние навистина тука најсериозно ќе се расправиме со тие прашања. Да, повелете јас уште малку ќе завршам, па Вие повелете.

Одземањето на говор во име на стотици илјада гласови, јас не можам да се сетам дека некој Ви го одзел тоа право на говор. Бев на оваа говорница и сум благодарен што ја демонстрирате Вашата конструктивност на работата на парламентот иако би Ве замолил да не поштедите од таа конструктивност, туку малку да навлезете во практичноста на работата. Таа конструктивност кабинетска ја работевте 6 години. Но, нема проблеми ние ќе ја прифатиме и нејзе, но ќе работиме малку повеќе практично.

Што се однесува до тврдењето на неколку наврати повеќе за политичкиот договор во однос на оваа содржина односно ова прашање по оваа точка од дневен ред, внимавајте политички договор, тоа го тврдите на повеќе наврати. Потоа притисокот на европските угледни институции по овие прашања, па по колку наврати беше тоа споменато дека тоа не е притисок, тоа се угледни европски институции кои имаат длабоки искуства по овие прашања, јас не тврдам дека ние немаме, дека овие простори тоа го немаат. Меѓутоа, тоа е нашата работа за меѓусебна комуникација и прашањата на интеграциите, господа, со кои Вие се покривавте повеќе од шест години. Ние го почитуваме тој процес затоа го прифаќаме и понатаму ќе го спроведуваме. Значи, тврдењето за тоа една чиста лага што беше обележје и на Вашата кампања, а тоа да го поентирате со следното дека ВМРО-ДПМНЕ и г-динот Георгиевски како претседател на оваа партија сега премиер уште на самиот почеток на сите овие разгледувања се тврдеше дека е ова политички монтиран процес Сега, каква е таа Ваша логика ако пред толку време ВМРО-ДПМНЕ таа партија имала такви тврдења, сега тврдите ова е политички договор меѓу коалицијата. Погледнете ја логиката која ја изнесувате на оваа говорница. Значи, сето тоа паѓа во вода.

Друга работа за која го спомнувате (претседателот на Собранието го опоменува да биде пократок) можете да ги прочитате Вашите белешки, Нострадамус, тоа премногу го почитувам дека имате такви авторитети и тврдите дека не треба да се биде тоа за да се претчувствуваат некои работи, јас повторно би Ве потсетил ако ги имате тие квалитети зошто не ги применивте во претходните шест години, туку доведовте до вакви ситуации.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Г-динот Јонуз Абдулаху побара збор.

**ЈОНУЗ АБДУЛАХУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани колеги пратеници,

Сакам да искажам една вистина, да негирам една невистина искажана овде дека, а тоа е јавна тајна, двајца советници од Општинскиот совет во Гостивар беа покренувачи на иницијативата за преиспитување на уставноста на Одлуката т.е. статутарната одлука на Општинскиот совет Гостивар за употреба на знамињата. Но, ВМРО-ДПМНЕ и советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Општинскиот совет - Гостивар немаше никаква врска со сето тоа. Бевме коалиционен партнер и понатаму продолжува нашата соработка.Понатаму,

имам морална обврска, но и посебна чест да учествувам во оваа расправа и без двоумење да гласам за овој закон, бидејќи претставува реализација на нашите предизборни ветувања кон електоратот, но воедно претставува другарска обврска кон моите сопартиици Руфи Османи, Алајдин Демири, Рефик Даути, Веби Беџети и другите политички затвореници и другите затвореници кои невино седат зад решетките во затворските ќелии. Залудни беа нашите бараша и апели на народот за нивно ослободување, бидејќи довчерашната власт на СДСМ немаше смелост да се соочи со вистината, а тоа е признавање на сопствените грешки, вината за создавање на меѓуетничка нетрпеливост и тензии поддржувајќи систем топло-ладно на меѓуанционални односи. Затоа, колеги од СДСМ од мои лични желби и сеќавања Ви се обраќам. Излезете од овој ќорсокак во кој бевте и сеуште сте, бидејќи само народот и судот на народот е тој што казнува, а не Вие. Тоа го почувствувавте што значи да бидеш казнет и губитник на овие парламентарни избори. Ако и ние постапиме како и Вие ќе ни се случи истото, но неверувам дека ќе ни се случи тоа, бидејќи Вие господа во Вашите редови имавте и сеуште ги имате некои бивши министри кои беа само верни претставници на еден примитивен ешалон кој владееше во земјата, кои беа верни слуги, наредбодателот, добри маскоти зад кои се криеше една цела бивша машинерија од едноумието преоблечени само во нови униформи, но со иста цел да се загуши и уништи се што е албанско, се што е позитивно и напредно кај албанците, а тоа можеше да се види и кога беше во прашање високото образование на албански јазик.

Нема да зборувам за трагичните гостиварски настани кои бараат, според мое мислење, една посебна анализа за што ни е потребно време, но и смелост на овој состав на парламентот да не ги повториме туѓите грешки, а опозицијата доста ќе ни помогне, бидејќи ветуваше дека ќе биде конструктивна и силна.

Денешната расправа по овој Предлог закон најавува една нова ера на релаксација на меѓуетничките односи во Република Македонија, за што сме подготвени со нашите коалициони партнери да продолжиме, бидејќи не очекуваат големи обврски и периодот пред нас е мошне краток, бидејќи е распореден по периоди (зборува на албански) години, верувајте ми тоа е малку. За тоа што претходеше на деветојулските настани во Гостивар овде многу се рече, но јас нема ништо да кажам како беше по нив, со што се соочив јас како вд градоначалник на општина Гостивар за сето тоа во една друга прилика, бидејќи екс премиерот со прстот и палецот им се обраќаше на победничката експедиција која дојде во Гостивар и тоа не утредента, туку истиот ден во раните утрински часови и со таков настап на екс премиерот ги иритираше сите граѓани не само на општина Гостивар, туку на цела Македонија, па затоа екс министерот остана денеска со прстот во...

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Ве молам, дали можеме да ја привршиме расправата.

Г-динот Зибери бара збор, а потоа г-динот Столе Попов.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Мислам дека разбирливо е должното внимание за оваа точка да се вклучи поголем број на пратеници и должното внимание и сестраната елаборација на сите аспекти на ова прашање. Дотолку повеќе што се работи за едно многу чувствително прашање, прашање кое не еднаш беше тема на дискусија во ова Собрание. Се расправало и пожестоко од ова што денеска се случува во ова Собрание, изнесени се про и контра аргументи за оправданоста односно неоправданоста на акцијата на Министерството за внатрешни работи и се она што уследи поготово по Драконски изречените казни против четворицата носители на јавни функции во случајов градоначалниците на Тетово и Гостивар и нивните претседавачи на советите на овие две општини. Но, за разлика од тогашната расправа денеска сме сведоци на еден поинков мотив и причина за расправа. Конкретно предложувањето на Предлогот за донесување на закон за амнестија кој е една конкретна тема за која и те како се потребни изнесување на аргументи за и против односно аргументи кои ќе не доведат до расчистување на сите дилеми околу оправданоста на еден ваков предлог и да се доаѓа до поиздржлива формулација односно решение кое ќе биде правно издржано и кое ќе ја постигне целта за која се наметнува.

Оттука, ги разбирам сите дилеми кои се поставуваат тука по однос на постапката и по однос на решението кое се нуди во смисла што ќе значи предлагање на лекс-специјалис во

правниот систем на Република Македонија при постоење на закон за амнестија односно лекс-генералис. Оттука расправата водена во оваа смисла е издржана и треба да се има трпение и слух да се ислушаат сите аргументи до крај. Но, навистина не можам да ги оправдам сите дискусии кои одат во прилог на тоа да се оспори целта за која се нуди конкретниот акт, т.е. ослободувањ од натамошно издржување затворска казна за градоначалниците и претседавачите на советите на општините.

По однос на ова прашање имајќи го должното внимание и респект кон самиот предлагач професорот Камбовски кој важи меѓу угледните познавачи на кривичното право во Република Македонија, не се сомневам дека се исцрпени сите можни варијанти за да се дојде до ова решение односно исправно, издржано и правно издржано решение. Дотолку повеќе што се надевам и убеден сум ги има консултирано и познавачите и стручњацките на кривичната псотапка за да се дојде до едно вакво решение.

Убеден сум дека нема пратеник во ова Собрание кој може да ги поистовети ординерните криминални дејанија и ординерните криминалци со дејанијата со градоначалниците и претседавачите на советите на општина Тетово и Гостивар впрочем констатација која Партијата за демократски просперитет уште поодамна го има искажано и по однос на истото има изнесено свои ставови. Но, јас бев во очекување дека денеска или во еден од наредните денови ќе имавме поконзистентно решение кое ќе значи постигнување на оваа цел во смисла на веднаш прекинување на натамошно издржување на казната за овие четири, според наше длабоко убедување, невини лица со конкретно нудеше и законско решение кое ќе значеше и претставување затворање на вентилот кој продуцира вакви дејанија и кој може циклично да ни се повторува за да не дојдеме до слични ситуации во иднина. Претполагам дека прочитавте што сакам да кажам т.е. се надевам дека набргу ќе дојдеме во ова Собрание со решение за разрешување на проблемот со употребата на знамињата на националнсотите во Република Македонија со што ќе се отстрани причината за изрекување на казна. Само во тој случај ние ќе можеме целосно да ги оправдаме нашите постапки и да се надеваме дека тоа ќе биде еден конкретен прилог кон подобрување на меѓунационалните односи во Република Македониај и воведување на една поинаква клима.

Но, без оглед на тоа ние цениме дека е позитивен чекор кој е направен и како таков поведувајќи се од принципите дека се што е добро и во интерес на граѓаните на Република Македонија треба да се поддржи, исто ќе постапиме и во овој случај. Нема да бидеме тесни и водени од ниски каприци заради позицијата тогашна или сегашна, наша или на било која партија априори да одбиваме или прифаќаме законски или други решенија кои ќе бидат понудени при овој дом, при ова Собрание.

Поведувајќи се од овој принцип Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет ќе го поддржи предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Зибери.

Господинот Попов бара збор.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, немав намера да дискутирам, меѓутоа морам да признаам одредени дискусии и одредена силна желба и жолч на едната страна околу размислата за прифаќање на еден ваков предлог закон ме наведе и ме инспирира сепак да кажам неколку збора, не многу долго. Мислам дека можеби посилниот мотив кој што ме натера да станам беше говорот на господинот претседател на Владата и говорот на господинот потпретседател на Собранието господинот Халими. Меѓу тоа не можам да го сватам цинизмот и иронијата во реагирањето околу прашањата за амнестија кога се зборува од аспект на хуманост, на толеранција, на добра волја, на граѓанска поизградена свест итн. што веќе го чувме од еднава страна и за мене навистина тоа е неприфатливо и би сакал повеќе да се задржам на оваа симбиоза, или сублимат на овие две искажувања на претседателот на Владата и потпретседателот на Собранието. Навистина не можам да разберам да поминат толку години 7,8 години а да сеуште не изградивме до крај една граѓанска свест околу тоа на кој начин треба да се живее заедно. Многу пати слушавме и така добро склопени флоскули за соживот итн. од претходната власт која што за мене мислам дека воглавно не егзистираше врз искрените желби за остварување на таков соживот и врз основа на широки демократски принципи и права, граѓански принципи итн., туку повеќе беше градена врз основа на некои прагматични и практични

решенија и балансирања на попуштање итн. како да се остане на власт два мандата. Затоа би сакал навистина да поддржам во тој дух прифаќањето на законот за амнестија гледајќи го како една навистина голема надеж и голема верба, моја лична кога ќе можам да ги чујам овде навистина различити етнички групи да врз основа на прави принципи, демократски го гледаат својот начин за понатамошна егзистенција, напредок и сестран прогрес. Мислам дека тоа не беше остварено во овие години токму заради недостатокот на доблест би рекол да ваквите принципи се промовираат на еден навистина висок пиедестал за кој што е потребна доблест и добра волја. Така што исто не можам да го сватам цинизмот околу тоа кога се зборуваше за добра волја, кога се зборуваше за милост итн. Мислам тоа се работи кои што се изречени со една ароганција која што беше и принцип во предизборната кампања кај мене предизвикуваа морам да кажам еден отпор на чисто човечки план и затоа сестрано навистина давам поддршка на едни вакви заеднички усилби и напори. Некој ќе рече и мислам дека овде беше спомената, дали ние можеме да предвидиме кои можат да бидат консеквенциите, последиците итн. од вакво изгласување на еден ваков закон. Знаете што, секој пат повеќе сум сакал да бидам определен на онаа една оптимистичка варијанта да навистина ако повеќе страни покажуваат волја за нешто да го разрешат на најдобар можен начин да таква шанса се даде и овој закон сигурно треба да се гледа онаков каков што е. Тој е еднократен и не значи дека понатаму нема да се оди во разрешување на покрупни и вакумски, па дури ако треба и уставни промени кои што ќе одат во унапредување на она што значи граѓански концепт, што значи цврсти демократски принципи кои што би морале да бидат наша доблест мислам дека и затоа сме присутни во овој дом овде.

Инаку, што се однесува до амнестирањето делумно на другите затвореници можам да кажам едно мало искуство, сепак, сум поминал три месеци во затворот Идризово и истражниот затвор правејќи филм и многу добро знам кое е чувството и колкава е тежината на еден ден поминат во затвор. Исто така, би се навратил на онаа забелешка на господинот претседател на Владата кога рече со еден пример дека често пати и оние кои што се најголемите виновници за одредени работи не се наоѓаат зад решетките, туку се на другата страна. Имав еден пример кој што беше навистина за мене многу трогателен во тоа време додека го работев филмот едно дете беше осудено на двеипол години затвор и лежеше само заради тоа што беше фатено во самопослуга да краде и после извршената кражба дури не ни сакало да избега, туку останало и заспало, затоа што бил голем студ надвор и заспало во самопослугата, а бидејќи му било тоа второ, или трето такво дело исто беше осудено на двеипол години затвор. И тоа чувство не можам никојпат да го отргнам од себе и затоа чувствував морална и етичка обврска да се јавам за збор и да го поддржам законот за амнестија и навистина ќе ми биде драго ако ова биде само почетен, иницијален чекор во понатамошните разрешувања би рекол на многу покрупни проблеми кои што ќе задираат и во законите и во Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, ќе има време, ќе имаме нови прилики повторно да разговараме за одредени иницијативи и се надевам дека секојпат ќе се движат токму во овој правец, во правец на демократско унапредување на амбиентот во кој што живееме кој што секојпат ќе се залага за што поголеми човечки права, права на колективитети, на малцинство итн.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали можеме да ја привршуваме расправата по општиот претрес

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман заради тоа што по денешното усвојување законот треба да биде објавен и да има доволно време да се подготват сите управни акти и други акти за реализација на целите на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Значи тој е составен дел.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Кој е против? (18)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за амнестија. (Аплауз)

Дами и господа пратеници, со оглед дека го исцрпивме дневниот ред, дозволете ми сега за некои поубави работи да кажам.

Дозволете ми да ви ги честитам претстојните новогодишни празници и да ви посакам добро здравје, семејна среќа и успех во работата.

Исто така дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани во Република Македонија да им ги честитам новогодишните празници, а на граѓаните од православната вероисповед да им ги честитам претстојните Божиќни празници.

(Седницата заврши во 18,55 часот)